СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Четириесет и првата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на
30 октомври 2003 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Репбулика Македонија, сала број 1, со почеток во 10, 25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Лилјана Поповска, потпртседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ја отворам Четирисет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Љубчо Георгиевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Никола Груевски, Хусеинџеват Хусеини, Фазли Велиу, Али Ахмети, Хисни Шаќири, Јани Макрадули и Игор Ивановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народната Банка на Република Македонија, и генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска Радио Телевизија.

Почитувани колеги пратеници, да Ве потсетам дека според договорот денеска ќе работиме до 16,00 часот поради рамазанските празници со пауза од 13,30 до 14,30 часот.

Ве известувам дека министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Рафиз Алити и Тито Петковски. Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ѓорѓе Паљошковски, Лилјана Поповска, Иван Стоилковиќ, Ѓорѓи Трендафилов и Трифун Костовски.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Џезаир Шаќири, Агим Џелили, Иван Стоилковиќ и Илијаз Халими.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Владо Ивановски, Ефтим Манев, Џезаир Шаќири, Илија Србиновски и Зоран Шапуриќ.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашања, поставени од пратениците Зоран Шапуриќ и Недим Рамизи.

Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Михајло Георгиевски.

Министерот за локална самоуправа достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Слободан Даневски.

Министерот за образование и наука достави одговор на пратеничкото прашања поставено од пратеникот Илија Србиновкси.

Министерот за култура достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Хусен Џеват Хусеини и Марјан Ѓорчев.

Министерот за одбрана достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратенинкот Илијаз Халими.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Петар Апостолов.

Министерот за здравство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеничката Наташа Бикова.

Гувернерот на Народната банка на РМ, достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Министерот за внатрешни работи достави одговор од доверлив карактер на пратеничкото прашање поставено од пратеничката Емилија Костадинова.

Бидејќи одговорот на министерот за внатрешни работи, на пратеничкото прашање поставено од пратеничката Емилија Костадинова содржи податоци од доверлив карактер, ја молам пратеничката Емилија Костадинова доколку сака да постави дополнително прашање тоа да го стори без изнесување податоци од доверлив карактер. Доколку пратеничката при поставувањето на дополнителното прашање има намера да изнесе и податоци од доверлив карактер претходно Собранието треба да одлучи да работи без присуство на јавноста согласно со Уставот на Република Македонија за исклучување на јавноста Собранието одлучува без претрес со двотретинско мнозинство гласови по предлог на претседателот на Собранието, Владата, или најмалку 20 пратеници.

Го молам м инистерот за внатрешни работи ова да го има во предвид при давањето на одговорот на дополнителното прашање.

Ја молам пратеничката Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи кој е од доверлив карактер, или сака да постави дополнително прашања.

Има збор пратеничката Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитувана потпретседателке, почитувани министри и претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, благодарам за брзиот одговор што го добив од Министерството за внатрешни работи на моето пратеничко прашање и од одговорот сум задоволна. Не поставувам дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Рафиз Алити да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашања.

РАФИЗ АЛИТИ:

Бидејќи добив одговор од министерот за финансии, делумно сум задоволен од одговорот, велам делумно, затоа што според инфорамцијата произлегува дека 1милион и 800-тини илјади евра се во Министерството за транспорт и врски или во Министерството за финансии, не се прецизира каде. Ако се во Министерството за танспорт и врски тие средства, зошто досега не се употребени за третиот канал или за каналот на заедниците за да работат во подобри услови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Претставникот од Министерството за финансии сеуште не е пристигнат. Доколку има потреба од дополнително објаснување ќе го добиете подоцна. Известена сум дека треба да пристигне.

Го молам пратеникот Тито Петковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Ѓорѓе Паљошковски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на РМ, или сака да постави дополнително прашање. Инаку, да Ве информирам дека како претставник од Владата ќе одговара г-динот Бучковски со оглед на отсуството на премиерот и потпретседателите.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Од одговорот сум задоволен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Иван Стоиљковиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот.

(Не е присутен).

Ја молам пратеничката, односно се замолува пратеничката Лилјана Поповска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на РМ, или да постави дополнително прашање.

Дозволете ми само накратко да се обратам како пратеник.

Почитувани колеги, почитувани министри, добив задоволителен одговор на прашањето каква е состојбата во кризните региони и посебно што се подготвува и за економско-зајакнување на поранешните кризни региони. Меѓутоа, јас би го молела министеот Поповски кој што е одговорен за оваа област, ако може малку поконкретно да ни ја објасни програмата која што ја има Владата донесено за ревитализација економска и заживување на економијата во овие региони.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Како што е познато Владата на РМ, на седницата одржана на самиот крај на минатиот месец меѓу другото ја донесе и програмата на активности за економска ревитализација на поранешните кризни региони. Всушност со оваа програма покрај активностите поврзани со реконструкцијата на оштетените објекти во поранешните кризни региони. Треба да започне уште една друга активност многу значајна , многу конкретна, и многу важна, а тоа е нивна економска ревитализација. Притоа, во програмата се дополнувани три области каде што ќе бидат насочени нардните активности, станува збор за земјоделството, комуналната инфраструктура и бизнисот. Така во областа на земјоделството, активностите кои што се утврдени со оваа програма ќе бидат насочени кон изнаоѓање на можности за обнова на земјоделски објекти оштетени во градежниот дел за стимулирање на сточарството, за набавување, за обезбедување на земјоделска механизација под поволни услови, за стимулирање со доделување на вештачки ѓубрива, семенски материјали и други производи на земјоделските производители, за обновување на шумсккиот фонд итн.

Во областа на комуналната свера активностите ќе бидат насочени кон изнаоѓање на можности за обнова и подобрување на инфраструктурата во делот на водоснабдувањето и канализацијата, во делот на патната инфраструктура, во делот на уличното осветлување, во делот на санацијата, односно поправката на одредени објекти од областа на култура, образованието итн.

И конечно во областа на бизнисот, активностите ќе бидат насочени кон изнаоѓање на можности за обнова на капитални објекти кои што се од поширок интерес за населението во поранешни кризни региони. Понатаму, исто така активностите ќе бидат насочени во изнаоѓање на можности за обнова и поттикнување на малите бизнис активности и иницијативи и директна поддршка во грантови и меќи заеми на мали и

средни претпријатија. За сите од овие области со донесувањето на програмата Владата формираше и работни тимови, всушност тоа се претставници на надлежните министерства и на координативното тело за следење на состојбата со внатрешно раселените лица во РМ чија што основна обврска и задача ќе биде до крајот на оваа година да изработат конкретни планови и програми. При изработката на тие планови и програми во зависност од потребите ќе бидат вклучени и експерти од наши научни институици, а по потреба, и во соработка тоа ќе биде правено и со градоначалниците на општините на единиците на локалната самоуправа кои што фигурираат кои што дејствуваат во тие подрачја. Значи, сега се на потег работните тимови кои што до крајот на оваа година треба да изготват конкретни програми. Инаку, едно од важните прашаења, е обезбедувањето на финансиските средства. Со програмата се предвидени повеќе извори на финансирање. Во таа смисла еден од изворите ќе биде буџетските средства. Впрочем не се работи за некои нови буџетски средства, туку едноставно се работи за средства кои што и досега Владата на РМ, финансираше одредени конкретни програми како што е за водоснабдувањето, за поттик на земјоделското производство и за патната инфраструктура. Значи, едноставно дел од овие проекти ќе настојуваме да бидат содржани во овие конкретни годишни програми во Владата на РМ. Дел од средствата ќе бидат  обезбедени исто така, и од стратешките приоритети на Владата на РМ, првата фаза во таа смисла е помината. Ваквите проекти , ваквите планови добија соодветна поддршка. И конечно еден од важните сегменти во обезбедувањето на финансиските средства на активностите за оваа програма ќе бидат сранките донации и одредени програми кои што и сега се присутни во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, да се произнесе дали е задоволен од одговорот

(Ѓорѓи Трендафилов не е присутен)

Го молам пратеникот Трифун Костовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на РМ.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Морам да кажам дека одговорот ниту очекував дека ќе ги задоволи моите барања. Мислам дека со владата веќе сме во разговори и треба подетално да разговараме за овој проблем. Одговорот го добив пред половина час, и немав можност истиот да го простудирам. Меѓутоа, вели едно: системот за управување на процесот на Европска интеграција во РМ, е воспоставен во 1997 година, денес да не заборавиме веќе сме  2003 година и со помали измени тој функционира до денес. Ефектот го знаеме. Во секој случај,

стојам на располагање и на вицепремиерот Шеќеринска и на г-ѓа Илинка Митрева, министер за надворешни раобит и на премиерот Бранко Црвенковски. Ова е суптилно прашање на кое што мора да се посвети многу поголемо внимание. Ако тој систем воспоставен во 1997 година, до денеска функционира на овој начин како што функционира, дефинитивно ќе чекаме уште 50 години така да стигне до некоја цел која што за нас е многу битна.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Агим Џелили, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатгрешни работи.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, јас и мојата парламентарна група не сме задоволни од одговорот од причина што мислиме дека ова прашање повеќе е практично техничко, отколку политичко прашање. Ќе го образложам дека врз основа на секоја дозвола за чување оружје значи постои можност за идентитетот на личноста. Врз основа на контактите со електоратот што го направија пратениците на ДУИ често пати од претседателите на ограноците било поставено истото прашање дека и ние мислиме дека Министерството за внатрешни работи е најкомпетентно за давање одговор како за клубови, така и за групи кои што имаат групни оружја. Ние мислиме дека МВР треба да направи обиди да даде еден многу поквалитетен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали претставникот на Владата има нешто да коментира.

ХАРИ КОСТОВ:

Прашањето беше одприлика каков е националниот состав на личностите кои имаат дозволи за носење оружје и во кои општини функционираат клубови и ловечки друштва. Според тоа, треба да знаеме дека не е работата како некој нешто си толкува, туку она што пишува во Законот и не дали некое лице смета дека оваа институција е надлежна, дека ова министерство е надлежно, туку тие надлежности се прецизно определени во законите. Во Министерството не се води, ниту има законска обврска да се води евиденција на национална припадност на лицата кои имаат добиено дозволи за оружје. Според тоа ние не можеме да навлегуваме произволно во оценка дали е припадник на таа, или на таа национална припадност, со тоа што би можеле да ги смешаме и да направиме било какви погрешни проценки.

И второто во одговорот јасно стои дека според законот министерството за правда е надлежно за водење на другата евиденција која беше прашање на пратеникот. Според тоа, од тоа министерство може да се добие одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Илјаз Халими да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Министерот за внатрешни работи или ќе постави дополнително прашање.

ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:

Пред да одговорам на прашањето само да ви спомнам дека минатата седница поставив три прашања до министерот за транспорт иврски, едно до министерот за одбрана, сеуште немам одговор, незнам зошто. Што се однесува на одговорот од МВР, јас сум делумно задоволен, затоа што во овој одговор има и податоци кои што не сум ги побарал  да ми идат дадени. Моето прашање беше колку се вработени во аминистрацијата во текот на 2003 година албанци и според регионалните единици каков е составот на вработените во администрацијата и во центарот. Овде во одговорот на Министерот за внатрешни работи е податокот дека се вработени само 27 во администрацијата воопшто во текот на цела година. Ме интересира овие 27 дали се со решение, или со договор на дело. Што се однесува на националната структура на вработените во администрацијата не пресметувајќи ги полицајците како во Центар во Скопје, така и во регионалните единици не постои тој одговор. Овде не постои таков одговор.

ХАРИ КОСТОВ:

Само на делот од прашањето фактички околу тоа во МВР нема вработено луѓе по договор. Според тоа, има повеќе податоци од тоа што се бараше, меѓутоа се доби поширока слика и негледам ништо лошо во тоа што има поширока слика и ниеден од вработените не е вработен со договор на дело, туку има работен однос на неопределено време.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Владо Илиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или би поставил дополнително прашање.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Задоволен сум од одговорот и немам дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Ефтим Манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Министерот за траснпорт и врски или би поставил дополнително прашање.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Писмениот одговор на министерот за транспорт и врски задоволува. Но, во еден дел во самиот одговор е многу широк одговорот и не е јасен по однос на тоа дали проектирањата на пругата кои што захтевале поинакво од тоа првичното, се готови, или не се готови таквите проектирања, дали се ревидирани, затоа што во одговорот стои многу широко како да се и да не се направени тие. Потоа во однос на изградбата на пругата, дали се обезбедени потребните средства од 215 милиони долари како и недоволно е дефиниран одговорот кога ќе продолжи изградбата на пругата, или ќе стои статусквo, барем така во тој дел на одговорот е многу нејасен и непрецизиран. И дали непродолжувањето на изградбата и проектирањето на пругата од Крива Паланка до Бугарска граница не влијае и не смета на урбанистичкиот план на Крива Паланка кој што не е усвоен и мирува по однос на изградба на железничка станица во Крива Паланка, дали нема влијание на изградбата на проектот од каде ќе минува пругата, бидејќи се прават измени не влијае и на урбанистичкиот план на Крива Паланка. Во тој дел доколку може министерот да објасни по дадениот одговор, мислам ќе биде поцеловит, нема да биде така празен.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Делницата на пругата за која беше поставено прашањето е дел од коридорот 8. Така што и за овој дел нема обезбедени финансиски средства и заради тоа пратеникот што го постави прашањето има право кога вели дека е некако недефинирано целосно дали ќе се изгради, или нема да се изгради. Тоа ќе се изгради, но финансиски средства за оваа намена нема. Па, затоа ќе го изградиме кога ќе имаме обезбедени финансиски средства или финансиска консструкција. што се однесува на нашите средства што ги вложуваме секој ден во буџетот на државата ние и понатаму ќе продолжиме, но тие се недоволни за да се доизврши овој дел од железничката пруга.

Во однос на тоа се бараат средства од ЕУ и од другите донатори за коридорот 8, па во тој поглед и за оваа делница на пругата до границата со Република Бугарија.

Во однос на тоа дека проектите се или не се реализирани, ние работиме на тоа да се ревидираат и да се докомплетираат проектите за целиот коридор, па во тој поглед и за оваа делница. Верувам дека тие проекти се готови, само што финансиските средства недостигаат и ние правиме напори нив да ги обезбедиме за да можеме да го комплетираме коридорот 8, па во тој склоп и делницата на пругата спомната во пратеничкото прашање.

Дали ова има влијание за изградбата на пругата или изградбата на пругата има влијание во деталниот план, сигурно дека има влијание, но тие детални планови се во ингеренции на локалните самоуправи или локалните власти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Одиме понатаму.

Има одговор на пратеничко прашање од пратеникот Џезаир Шаќири од министерот за транспорт и врски, но тој е отсутен.

Има одговор на пратеничко прашање поставено од пратеникот Илија Србиновски, исто од министерот за транспорт и врски. Меѓутоа и пратеникот Србиновски е отсутен.

Имаме одговор и на пратеничко прашање поставено до пратеникот Зоран Шапуриќ, но тој сепак е отсутен.

Има одговор од Министерството за правда на пратеничко прашање на пратеникот Зоран Шапуриќ.

Има одговор на пратеничко прашање на пратеникот Недим Рамизи од министерот за правда, но и тој е отсутен во моментот.

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи или би поставил дополнително прашање.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Од одговорот не сум баш задоволен.

Прашањето беше поставено пред повеќе од три месеци, имено на 24 јули и пфрашањето гласеше - како стојат работите со одбележувањето на границата со Република Србија и Црна Гора, во делот со Косово, дали има проблеми и во колку има од каков карактер се тие.

Во одговоро се кажува дека нема проблеми, дека работите се само од технички карактер, и понатаму се вели:”Мешовитата комисија взаемно одлучи работите на соодветното одбележување на терен да почне од тромеѓната точка меѓу Република Македонија, Република Србија и Црна Гора и Република Бугарија, кон исток, долж утврдената гранична линија”. Значи према исток. Тука е направена грешка, бидејќи доколку знаеме географија на исток е Бугарија и треба да одиме спрема запад, спрема Албанија, односно спрема Косово. Значи тука е направена техничка грешка и треба да се исправи.

Понатаму, се вели дека во текот на наредните години се очекува да завршат активностите на овој дел од границата, значи од Бугарија спрема Србија и Црна Гора. Понатаму вели “а потоа ќе продолжат кон тромеѓната точка помеѓу Република Македонија, Србија и Црна Гора и Албанија”. Значи неколку години, можеби сто години, па откако ќе завршат тие, ќе се почне кон Косово и Албанија.

Барам да ми се одговори прецизно, колку се тоа неколку години. Ние тука нема да градиме кинески зид. Ние тука ќе ставаме колчиња, значи ќе ја околчуваме границата.

Дополнителното прашање ми е на колку години се мисли, да се одбележува границата спрема Србија, и потоа колку години спрема Косово до Албанија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Појаснување на прашањето ќе даде претставникот на МНР, заменик министерот господинот Хасановиќ.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

На пратеникот ќе му одговориме во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Слободан Даневски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за локална самоуправа сили би поставил дополнително прашање.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Одговорот како што е даден, фактички е еден опис на активностите кои се во завршна фаза околу новната филтер станица. Но, она што беше и поентата на моето прашање е дека граѓаните во Свети Николе пијат неисправна вода и информациите од струни луѓе кажуваат дека и ова што се гради нема да ги задоволи оние основни критериуми за да се подобри водоснабдувањето на градот Свети Николе, затоа што браната од која се снабдува градот Свети Николе со вода за пиење е петта категорија на вода, што не постои таква технологија во Македонија, а и најновата технологија не може да ја преработи. Водата е загадена и мора да се бара алтернативно решение. Алтернативното решение е да се обезбедат бунари.

Мислам дека одговорот е нецелосен.

За информирање на јавноста, да кажам дека сеуште градот Свети Николе, односно граѓаните се стабдуваат со чиста вода со по една цистерна, со чиста вода за пиење од соседните градови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има коментар министерот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Пратеникот има право бидејќи одговорот од Министерството за локална самоуправа е сегментарен и одговара само на еден дел од превземените активности што ги презема Владата и другите надлежни институции во решавање на актуелната состојба

со водоснабдување на Свети Николе. Од тој аспект одговорот за да даде целосна слика, би сакал да укажам дека од средствата на Телеком овој Парламент и претходната влада издвоија износ од 27 милиони, како што истакна пратеникот џза решавање на филтер станицата.

Исто така, во Свети Николе, покрај овие активности следат и други активности, пред се, актуелно е прашањето за набавување на јонизаторот, која постапка е во тек.

Поради комплексноста на прашањето значењето за пиење на здрава вода на греаѓаните од Свети Николе и инсистирањето за целосно информирање на пратеникот, Владата на РМ на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика донесе заклучок и ги задолжи надлежните министерства, пред се Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина, Министерството за здравство и Министерството за локална самоуправа, поради комплексноста на проблемот да изготват информација за сите преземени активности, се она што треба да се преземе и таа информација ќе биде доставена по барање неколку пати на пратеникот и ќе се расправа со предлог мерки и решенија за изнаоѓање на решенијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот Даневски е задоволен од одговорот или има некое дополнување?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Му благодарам на министерот за локална самоуправа, верувам дека ќе остане при реконструкцијата на Владата и се надевам дека она што беше мое укажување и сега при изготвувањето на наредниот буџет за тековната 2004 година, да се обезбедат средства за алтернативно решавање на проблемот за снабдување на градот Свети Нилоле со чиста вода. Значи да се обезбедат средства за копање на бунари.

Тоа да се земе како дополнително прашање до министерот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има одговор на прашањето на пратеникот Илија Србиновски од министерот за образование и наука, меѓутоа тој е отсутен.

Има одговор на прашањето од пратеникот Хусеинџеват Хусеини од министерот за култура, но тој исто така е отсутен.

Има одговор на прашањето на пратеникот Марјан Ѓорчев од министерот за култура. Тој исто така е отсутен.

Доаѓаме до одговор на прашањето на пратеникот Илјаз Халими.

Ве молам да се произнесете дали сте задоволни од одговорот добиен од министерот за одбрана.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Одговор од Министерството за одбрана на прашањата што ги поставив сеуште не сум ги добил.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, во текот на седницата тоа ќе ви биде доставено, иако според податоците одговорот е дистрибуиран.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Сега го добив одговорот. Јас треба сега да го разгледам и потоа ќе одговорам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Петар Апостолов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Јас сум задоволен од одговорот бидејќи тоа е и фактичката состојба.

Од одговорот се гледа дека проектот е ставен во програмата за инвестирање на јавниот сектор на РМ што за изработка на визибилити студија потребни се околу 500 илјади УСА долари.

Јас овде би потенцирал значењето на самиот хидросистем “Конско”, што навистина е големо пред се за општина Гевгелија, за наводнување и водоснабдување, а пред се за Дојранското Езеро, како долгорочно решавање на самиот проблем за полнење на Дојранското Езеро во кој целиот систем би се искористил, само што трошоците можеби за 80 до 90% би се намалиле, бидејќи би се користела вода по природен пат. Затоа се надевам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, пред се Владата на РМ ќе ги има предвид овие мои укажувања и ќе даде приоритет во изготвувањето во програмата за инвестирање на јавниот сектор каде што со самата изработка на физилибити студии, практично би можело да се изврши реализација на тој проект. Со други зборови проектот, хидросистемот “Конско” кој сега чини, груба проценка 80.550 евра, би чинела многу поефтино, ако се земат предвид трошоците што сега се прават за полнење на Дојранското Езеро.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму.

Ја молам пратеничката Наташа Бикова, да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство.

НАТАША БИКОВА:

Од одговорот на министерот за здравство делумно сум задоволна.

Пред да го дадам својот коментар би потсетила на прашањето кое гласеше - до кога нашите аптеки ќе издаваат лекови без лекарски рецепт за лекови кои одат на рецепт.

Според тоа што министерот дава податок дека се поднесеми замо 540 прекршочни пријави, во контекст на незаконско работење, можеме да заклучиме дека овој проблем во нашата држава не е најсериозно сватен. Јас ги разбирам во тоа што кажуваат дека немаме доволно правни субјекти за надминување и надзор над работата на аптеките, но сепак тоа не е оправдување. Би апелирал на ажурност на подрачните санитарни здравствени инспектори како и на одделението за инспекциски надзор при Министерството за здравство за спроведување на Законот за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала.

Би сакала мојот коментар да го дадам на вториот дел од одговорот на прашањето каде што вели, како да се надмине проблемот и понатаму стои “ситуацијата е посложена отколку што навидум изгледа зошто треба да се воспостави една добра координација на лекарот од примарната здравствена заштита со Фондот, аптеката и фондот и пациентот со аптеката”.

Според моето досегашно искуство и како санитарен и здравствен инспектор но и како доктор на медицина, би кажала дека со издавањето на лекови без рецепт, практично се прескокнува лекарскиот преглед и оваа координација практично е невозможна.

Надминувањето на овој проблем го гледам со изнаоѓање на законска можност на поедноставување на постапката за снабдување со лекови на хроничните болни. Не смееме да си дозволиме пациент со акутна болест да си одите само во аптека и да сиземе лек. Само за илустрација би кажала дека во Америка за да се препише еден антибиотик, потребен е потпис од тројца лекари, а кај нас мајките за бебиња си дозволуваат сами да си земат антибиотици. Така што последиците по здравјето на нашата нација се големи од овој проблем и треба најсериозно да пристапиме кон решавањето на овој проблем. Инаку нема законска обврска со која би ги натерале аптеките, сите аптеки, приватни аптеки да склучат договор со Фондот за здравствено осигурување. Според тоа излезот за надминување на овој проблем не го гледам во склучување на договор на аптеките со фондот.

Би сакала да му сугерирам на министерот дека сега за сега наша обврска е да ги повикаме инспекторите на нивна ажурност, а во спротивно да ја лицираме одговорноста за нивно неизвршување на работните обврски.

Инаку би сакала да кажам дека надлежниот инспекторат би можел да изготви еден терк на решение за постапување на лице место, бидејќи само да застане инспектор пред

аптеката и првиот излезен пациент од аптеката, може да направи записник за фактичката состојба дека му е издаден лек без лекарски рецепт. Така што мора да ги ажурираме инспекторите, мораме да повикаме на нивна одговорност затоа што замислете само какви се последиците по нашата млада популација. Така што ние свесно им наметнуваме некои девијантни појави, им даваме слобода за земање на лекови, а свесни сме како може да се злоупотребат тие лекови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали министерот Селмани ќе одговори на прашањето.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Јас се согласувам дека во нашиот одговор не е баш целосно опфатена материјата како да се реши овој проблем, освен, нашиот предлог како да се надмине овој проблем во врска со склучувањето на договори со Фондот, може да биде само еден мал сегмент во решавањето на овој проблем, бидејќи склучувањето на договор со Фондот односно меѓу Фондот и аптеките се решава проблемот на издавањето на лековите што паѓаат на товар на фондот, значи лековите кои се издаваат со рецепт, што паѓаат трошоците на фондот. Другиот дел, комерцијалниот што голем дел и од овие лекови кои не спаѓаат во таа позитивна листа, тие лекови  според член 85 од Законот за лекови, помошни лековите средства и помагала. спаѓаат во лекови кои се издаваат на рецепт.

Точно е тоа дека одделението за инспекциски надзор со 7 инспектори што се во Бирото за лекови, значи освен оваа надлежност што е нивна, според Законот за лекови да вршат контрола на спроведувањето на Законот за лекови, поконкретно член 85, а освен оваа надпежност тие имаат и обврски за тековно работење во Министерството, а не е мал бројот на правни субјекти кои се занимаваат со производство на лекови, со промет на големо со лекови и аптеки на државата. Не е мал и бројот на поднесени прекршочни пријави,во контекс незаконското работење. Значи тоа е бројка днекаде околу 540 прекршочни пријави.

Го прифаќаме укажувањето на пратеничката дека иако се само 7 такви инспектори,ние како министерство и како биро за лекови треба да бидеме поажурни, за да се спроведе овој закон до крај.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме на одговори на прашањата на пратениците кои беа отсутни на почетокот на седницата.

Го молам пратеникот Иван Стоиљковиќ да се произнесе дали е задоволен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

ИВАН СТОИЉКОВИЌ:

Задоволен сум одгповорот на министерот за внатрешни работи. Да кажам дека е испуштен само четвртиот оглас за прием на работници во МВР, па ако може министерот да даде дополнителна информација во врска со прашањето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали господинот Костов би можел нешто да коментира.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас мислам нема испуштено, меѓутоа ќе провериме и ако е испуштено тогаш дополнително ќе му доставиме одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пратеникот Стоиљковиќ имаше уште едно прашање до Владата на Република Македонија.

Дали сте задоволен од одговорот господине Стоиљковиќ.

ИВАН СТОИЉКОВИЌ:

Задоволен сум од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Присутен е сега и пратеникот Недин Рамизи. Тој имаше поднесено прашање до министерот за правда.

Дали сте задоволен од одговорот?

НЕДИМ РАМИЗИ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Илјаз Халими, меѓувреме го прочита прашањето, инаку, мислам дека виде прашањето беше навреме доставено и Ве молам дали сте задоволен од одговорот добиен од министерот за одбрана.

Повелете господине Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Само што го добив одговорот и имав можност набрзина да го прочитам. Податоците се многу коректни, само ме интересира неколку сугестии или пак дообјаснувања во врска со два податоци што ги имам тука.

Во текот на оваа година се потенцира дека се ангажирани 58 албанци во администрацијата со договор на дело, ме интересира за овие, дали наскоро ќе им се даде решение.

Второ, во табелата е јасно дека албанците вкупно вработени во администрација се 2,7%, што е минимална бројка, минимален процент. Дали Министерството за одбрана планира врз основа на Охридскиот договор зголемување на процентот на албанците вработени во администрацијата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Министерот Бучковски има одговор.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Пратеникот Халими бараше дообјаснување, значи, тенденцијата на Министерството за одбрана е овие 58 лица кои сега се ангажиран, да имаат приоритет на конкурсот кој веќе е во тек за вработување на 55 лица, пред се, од албанската заедница, затоа што бројките за кои вели дека се коректни, се тие, не се фризирани. Значи, процентот на припадниците на албанската заедница во Министерството за одбрана е 2,78%. Со завршувањето на оваа постапка евидентно е дека овој број ќе се дуплира во проценти и ќе ја достигне застапеноста што отприлика ја имаме во Армијата на Република Македонија, се со тенденција до 2007 година кога треба да заврши целата оваа реформа и преструктуирање, да бидат соодветно и правично застапени во Армијата и во Министерството припадниците на сите заедници во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има уште еден одговор на прашањето на пратеникот Зоран Шапуриќ од гувернерот на Народна банка на Република Македонија, меѓутоа, господинот Шапуриќ е отсутен.

Со оглед на тоа дека завршивме со одговорите, писмените одговори на пратеничките прашања, преминуваме на поставување пратенички прашања. Според договорот, почнуваме со опозицијата, со претставник од ВМРО-ДПМНЕ, господинот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Моето прво прашање е упатено до Владата на Република Македонија. Имено, пред пратениците, претставници на мнозинството на ова Собрание да го изгласаат Законот за измена и дополна на Законот за радиодифузија, со кој закон патем

речено радиодифузната такса се скри во ставката ангажирана моќност и на тој начин се зголемува основицата на ДДВ, што значи дополнително оптоварување на граѓаните на Република Македонија за износ од 45 денари по белешка за наплата на струја, а и можност за повеќекратна наплата на радиодифузната такса за електричните броила инсталирани во деловни простории и други места, каде што не се става ТВ приемник, Владата преку Македонската радио телевизија водеше позитивна кампања во која беше вклучена и анкета со граѓаните на прашање дали претседателот на Република Македонија треба да го потпише Законот за радио дифузната такса. Анкетата беше спроведена во период од 1 септември 2003 година од 10 часот до 2 септември 2003 година до 10 часот. Според информацијата објавена на МРТВ како резултат од анкетата, спроведената анкета преку услугата Телеволтинг со одговор да, односно да го потпише претседателот на Република Македонија Законот за радио дифузна такса, гласале 3540 лица, со одговор не, гласале 68 лица, со одговор не знам, гласале 15 лица. Меѓутоа, преку официјалниот извештај од Македонски телекомуникации, доставен до сите надлежни институции, па и до МРТВ, како и до Собранието и до претседателот на Република Македонија, телефонскиот број 059022221, на кој се давал одговорот да, всушност, се јавиле само 68 лица. Додека МРТВ објавила дека со одговор да гласале 3540 лица. Понатаму, на телефонскиот број 059022222 на кој се давал одговорот не се јавиле, 3540 лица, а МРТВ објавила обратна информација дека со тој одговор гласале само 68 лица. На крајот телефонскиот број 059022223 на кој се давал одговорот не знам, се јавиле 15 лица, како што и објавила МРТВ. Значи, тука се поклопуваат. Само се направила една инверзија, намерна инверзија, се смениле местата на оние кои гласале да не го потпише МРТВ објавила 68 лица, а да го потпише објавила 3540 лица и објективниот резултат од анкетата е сосема обратен. Тој произлегува и од официјалниот извештај од Македонските телекомуникации, кои јас овде ги имам овде пред мене и можам да ги покажам на секој заинтересиран, кој не верува во објективноста на ова што го говорам. На овој начин грубо е изманипулирана македонската јавност, бидејќи се изиграни интересите и волјата на анкетираните лица и тоа на 3540 лица им се изиграни односно им е изиграна и волјата и гласовите што ги дале во таа анкета.

Прашањето гласи: дали Владата има намера да побара одговорност и евентуално да предложи разрешување на директорката на МРТВ, госпоѓата Гордана Стошиќ, заради грубо и бесрамно презентирање, на кој на најперфиден начин се лаже целокупната македонска јавност. Ова, затоа што на ваков начин се става сомнеж за објективноста во информирањето на граѓаните на Република Македонија од страна на оваа национална радиотелевизиска куќа. Тоа е првото прашање.

Имам второ прашање, кое е упатено до министерот за надворешни работи, госпоѓата Илинка Митрева, која не е тука, но тука е претставник односно заменик министерот.

Прашањето е со следново образложение. На приемот по повод Беатификацијата на Мајка Тереза, амбасадорот на Република Македонија во Рим и вице премиерот на Македонската Влада, а тоа се госпоѓата Мерием Рушани и господинот Муса Џафери задоцнија на прием на македонската делегација, затоа што истите биле на прием на албанската делегација. Овој намерен гаф на амбасадорот, крие во себе си симболика што некореспондира со интересите и афирмацијата на државата што испратила за амбасадор во Рим, односно во Италија.

Прашањето гласи: дали министерката Илинка Митрева ќе побара одговорност од амбасадорката за овој гаф без преседан во дипломатијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Имаме две прашања.

Првото беше до претставникот на Владата, а во име на Владата ќе одговара г. Бучковски.

Повелете господине министре.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Најпрвин, околу манипулациите мислам дека овој обид да се манипулира јавноста, бидејќи ако прашањето било поставено дали претседателот на државата треба да го потпише законот, не станува збор за манипулирање на јавноста, зашто беше евидентно дека претседателот не бил изманипулиран од овој телеволтинг. Мислам дека главната манипулација е злоупотребата на податоци од Мобимак, кој мислам дека г. Краљевски, наместо да мавта, треба да внимава за достапноста и начинот на кој се презентираат тие материјали. Во краен случај, мислам дека прашањето се упатува на погрешна адреса, затоа што Владата нема намера да ја менува генералната директорка на МРТВ, затоа што и не ја избрала, така што и не може да ја менува.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Не сум задоволен од одговорот. Очигледно е дека јас во ракава држам документ, кој не е под строга доверливост или под некаква претставка дека е од доверлив карактер овој материјал. Овој материјал е доставен од страна на Јавното претпријатие Телекомуникации до сите институции и без назнака доверливост. Така што, овој материјал може да го види и да биде презентиран во секаква прилика. Очигледно е дека податоците што ги содржи овој материјал за резултатот од анкетата се во инверзија со оние податоци што ги објави МРТВ, како резултат од анкетата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со второто прашање, а беше доставено до претставикот од Министерството за надворешни работи, заменик министерот Хасановиќ е присутен.

Повелете.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Министерот Митрева побара од амбасадорот Шани во писмена форма да даде објаснување за тоа што се случувало во Рим за време на Беатификацијата на Мајка Тереза. Штом ќе го добие одговорот во писмена форма, ќе ги преземе мерките согласно овластувањата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен од одговорот?

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Од резултатот на односот помеѓу министерот и амбасадорката рековте дека ќе бидеме писмено известени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следниот пратеник што ќе поставува прашање тоа е господинот Никола Камчев.

Повелете.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Госпоѓо потпретседател, господа министри, претставници на Влада, колеги пратеници,

Јас сакам да поставам две прашања.

Првото прашање ќе го поставам на министерот за финансии.

Државниот капитал со Одлука на Агенциајта за приватизација се продава на берза. Сведоци сме дека пред изборите на 2-3 месеци, а некои и непосредно пред изборите, се продаваше државен капитал на берза, со дисконти од 80, 90, 95%. Такво нешто се случи и во општина Радовиш. Се продаде државен капитал на фабриката Декортекст, за декоративни ткаенини. Меѓутоа, после продажбата настанаа судски расправии околу легалноста на продажбата на државниот капитал од фабриката Декортекст. До ден денес, една година потоа, тие судски постапки не се завршени. Вработените во фабриката Декортекст се повикуваат на член 11 од Законот за антикорупција и ја оспоруваат легалноста на продадените акции.

Затоа, прашувам, дали државниот капитал, акциите со Одлука на Агенцијата за приватизација, пред изборите на еден месец, се сметаат за легално продадени акции односно легално продаден државен капитал. Тоа е првото прашање.

Второто прашање сакам да го поставам до министерот за труд и социјална политика.

Согласно Законот за пензиско-инвалидско осигурување, работниците кои биле прогласени за инвалиди на трудот, а нивните фирми отишле во стечај имаат право на паричен надомест преку Заводот за вработување. Зошто на некои од овие работници, кои работеле како сезонски работници им е скратено ова право. Дали е подобро да седат дома или да се обидат барем времено да се ангажираат на некои сезонски работи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со одговор на прашањата.

Првото прашае беше до Министерството за финансии, а ќе одговара заменик министерот господинот Кокаровски.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Бидејќи, пратеникот постави прашање за продажба на акции на државен капитал, јас состојбата во оваа фирма не ја знам како е постапено, прашањето ќе го погледаме и ќе го проучиме точно со показатели кога, што и како е сето тоа направено. Можеме само да му дадеме писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Камчев, ќе бидете задоволен со писмениот одговор?

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Задоволен сум, ќе го чекам писмениот одговор, меѓутоа, побрзо заради тоа што нетрпението е огромно на работниците, а судските спорови настанаа рашомонијада.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, благодарам.

Одиме со одвор на второто прашање кое беше поставено до Министерството за труд и социјална политика.

Присутен е заменик министерот за труд и социјална политика.

МАКСУД АЛИ:

Во врска со прашањето на пратеникот, после прибирањето на податоци, ќе му се достави во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму со поставување на пратенички прашања.

Пратеникот Зуди Џелили, повелете.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке на Парламентот, почитувани дами и господа,

Ќе поставам три прашања и тоа две до министерот за образование и едно прашање до министерот за внатрешни работи.

Не знам дали има претставник на Министерството за образование? (Има). Во ред.

Првото прашање се однесува на тоа, дали ќе преземе нешто конкретно министерот за образование за еквалентно признавање на дипломите и квалификациите

во високото образование, научните титули, академски научни титули, магистер, доктор на науки, кои што се постигнати во сите високи школи и факултети и Универзитетот на Косово во Приштина, со потврда од УМНИК.

Второто прашање гласи, бидејќи, сеуште нема закон за Тетовскиот универзитет, јавноста сака да знае дали законот за легализирање на Тетовскиот универзитет или пак за основање на Тетовскиот универзитет и да каде е стигната процедурата за донесување на законот.

Третото прашање е за министерот за внатрешни работи.

Колку барања се направени за добивање на документи, за патни документи односно на пасоши на два јазици и колку од нив, станува збор за барањата, се реализирани досега.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со одговорите на прашањата.

Првото прашае беше за образование, заменик министерот господин Герамитчиовски е присутен.

Повелете.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОВСКИ:

Нострификација или признавање на дипломите во однос на нивната еквиваленција со други земји се врши со соодветна процедура, законски пропишана. Се разбира, тоа е еден од предусловите да се има потпишано меѓусебна билатерална спогодба со таа земја во која што се регулирани тие постапки за меѓусебно признавање или еквивалентност на дипломите во сите степени на звања. Тоа е еден од предусловите, согласно со позитивните законски прописи во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали пратеникот Џелили е задоволен од одговорот?

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Не сум задоволен од причина што постои една процедура за признавање на дипломите во согласност со член 197 на постојниот закон, што предвидува признавање на дипломите до 31 декември 1996 година. Оваа процедура е заморувачка и дискриминаторска. Дипломираните да немаат законски ограничувања и признавање на

нивните дипломи и истовремено да се елиминираат од бирократските елементи што на крајот на краиштата имаат да го одолговлечат признавањето на дипломите и научните титули што се добиени на Косово, но и на просторите на бивша Југославија.

Има кнкретни примери каде што на дипломираните, нивните предмети со години остануваат на соодветните факултети по фиоките, а дури е отидено толку далеку што од нив е побаран и пасош за да се убедат дека на денот кога го дал испитот, дали има печат за негово влегување на Косово.

Значи, дипломираните на Косово се експлозирани на разно разни провокации и малтретирања и признавањето во согласност со членот 197 од законот во овој момент не го решава проблемот на овие дипломирани, чиј број изнесува околу 500 на број и до сега само двајца имаат признаено дипломи или пак им е нострифицирана дипломата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали заменик министерот има коментар на ова или ќе помине на одговор на второто прашање.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Имам коментар. Ова е навистина доста чувствително прашање. Да, процедурата е долга и тоа налага законските нормативи и прописи, но исто така и праксата во која што се покажа дека имаме голем број на фалсификувани дипломи што во подоцнежниот период се откриваат и процедурата, навистина, се усложнува. За да не се доведуваме во ситуација за поништување на дипломи заради утврдување на фалсификат, процедурата налага и проверка од страна на Министерството за образование и наука до институцијата каде што се извршила наобразбата на кандидатот, со соодветна нивна писмена потврда. Заради тоа рокот е доста пролонгиран.

Во конкеретниов случај, не станува збор само за Косово или за дипломи добиени во Приштина. Такви фалсификувани дипломи сме воочувале добиени и во Бугарија и во Албанија и други соседни земји и во Србија. Значи, да не повторувам, процедурата налага, меѓу другото и покрај законските прописи што ја дефинираат оваа проблематика да има потпишано и билатерална соработка на полето на научната и образовната соработка, во која што се опфаќа и делот на меѓусебното признавање на дипломите. Со повеќе земји таа соработка е постигната и морам да потенцирам дека не во сите научни области. Зависи од билатералната спогодба меѓу земјите потписнички кои области меѓусебно се признаваат.

Во конкретниот случај со Косово, отежната е процедурата, бидејќи не постои слободна комуникација со институциите што се таму, бидејќи преку администрацијата, преку УНМИК оди таа работа и дополнително се усложнува и се одлоговлекува самата постапка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Можете да продолжите со одговор на наредното прашање.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Второто прашање се однесува на процедурата за нов закон за трет државен универзитет.

До каде е процедурата?

Процедурата ја помина владината постапка, значи таа процедура е завршена, што значи дека Владата излезе со конкретен предлог на закон за нов државен универзитет. Законските процедури налагаат, пред да дојде во собраниска процедура, да се добие мислење од Одборот за акредитација по однос на материјалот што се содржи во елаборатот што е придружен материјал на Предлогот на законот. Деновиве очекуваме од страна на Одборот за акредитација мислење по однос на доставениот материјал. Продолжува натамошната законска процедура за започнување постапка во Парламентот на РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине заменик министре.

Дали пратеникот Џелили е задоволен?

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Да, сега ми е јасно дека не станува збор за легализирање на тетовскиот универзитет што има историјат од неколку години, туку станува збор за еден нов, трет универзитет што ќе се финансира од Буџетот на државата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме на одговор на третото прашање што беше упатено до Министерството за внатрешни работи.

Има збор министерот Костов.

Повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Со оглед дека се работи за прецизни податоци околу број на издадени лични документи, писмено ќе одговориме на ова прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме поатаму со поставување прашања.

Има збор пратеникот Рафиз Халити.

РАФИЗ ХАЛИТИ:

Ве поздравувам сите присутни.

Поставувам прашање до Владата.

Кој е ставот на Владата во врска со продолжување на изградба на објекти, спортските објекти, спортските сали што отпочнаа да се градат од страна на минатата Влада?

Како што се знае, некои од нив се во почетна фаза на градба, некои од нив не се ниту почнати да се градат, што планира Владата понатаму во оваа насока да превземе? Се знае дека овие средства се обезбедени од продажбата на ТЕЛЕКОМ.

Второ прашање до Министерството за труд и социјална политика, по косовската војна имаше многу избеглици што се засолнија во нашата држава. Семејствата што ги засолонија требаше да добијат компензација во финансиски средства што беа донација од ЕУ. Меѓутоа, овие средства што се од ЕУ не им се распределени на оние што ги засолнија овие избеглици и се грижеа за семејствата што беа протерани од Косово.

Прашањето е: колку средства од овие се поделени и колку финансиски средства останале неподелени?

Третото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по Одлуката на Владата да се подели земја работлива на тие кои добиваат социјална помош, прашањето е колку оваа одлука се реализира, во кои општини се реализира и кога се планира оваа одлука да се реализира во регионот на Куманово, Тетово и Гостивар, бидејќи знаеме дека населението од овие региони или

општини имаат добра земјоделска традиција и многу семејства од овие региони се директно зависни од социјалната помош што ја добиваат.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме со одговор на првото прашање што беше поставено до Владата.

Има збор господин Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Владата прави напори да сепак овие 35 сали што ги вети претходната Влада да успее, барем 21 спортска сала да заврши. Агенцијата за млади и спорт е задолжена, направени се првите финансиски калкулации за можноста до средината на идната година да бидат завршени 21 од овие спортски сали. Некаде цирка три милиони евра ќе бидат неопходни за сето тоа. Има многу објективни околности што ја отежнуваат работата и на Владата и на Агенцијата за млади и спорт, затоа што и покрај напорите што се прават не може да се изнајде проект за овие 35 сали. Овие пет сали што се завршени се по пат на концесионерство и давање на соизведувачи кои, за среќа, успеале барем пет од овие 35 долго најавувани сали да ги стават во функција. Така што Владата не се откажува и ќе направи обид преку Агенцијата за млади и спорт да спаси тоа што може да се спаси од овој проект.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

РАФИЗ ХАЛИТИ:

Делумно сум задоволен од одговорот што го даде министерот, меѓутоа ќе беше добро писмено да ми даде одговор Владата за тоа кои сали се при крај и што ќе се направи со тие сали што биле или пак со финансиските средства што биле поделени, меѓутоа не е отпочнато со градба на тие сали.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Бучковски повелете.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Нема проблем, ќе следи писмена информација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред.

Одиме понатаму, второто прашање беше поставено до Министерството за труд и социјална политика.

Има збор заменик министерот, повелете.

МАКСУД АЛИ:

Пратеникот Рафиз Халити е во право. Точно е дека поедини семејства згрижувале избеглици од Косово. Точно е и тоа дека им следуваше надокнада за направените трошоци, дел од трошоците. Но, поради точност на сумата, во писмена форма ќе му се одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред.

Одиме со одговор на третото прашање, ќе одговори министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Повелете господине Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Давањето на земјиште на плодоуживање на определени категории на лица што уживаат социјален статус е определено со Одлука на Владата, врз основа на која што е донесена уште една таква за определување на видот на помошта што тие лица ќе ја добиваат, по добивањето на земјиштето на плодоуживање.

Заради реализација на реформата, најнапред беше потребно да се утврдат слободните земјоделски површини што не се дадени под закуп, што не се дадени под цесија или кои  што ги користат таканаречените бивши земјоделски комбинати а кои што ги напуштиле, што ќе рече дека прво требаше да се утврди фондот на слободно земјоделско земјиште што веднаш може да се издава, а во понатамошната фаза да се ослободуваат земјишта под закуп или под концесија од концесионери или закупци кои што не ги вршат, во согласност со законот.

Со оглед на тоа дека првите податоци за слободно земјоделско земјиште ги имавме на подрачјето на Свети Николе, пристапивме кон реформата или таканаречениот Пилот проект што дава резултати, за кои што во овој момент неможам да зборувам. Меѓутоа се солидни и се во рамките на очекувањата што ги имавме. Сега е во тек втората фаза, утврдување на слободно земјоделско земјиште на сите реони, вклучувајќи го кризниот регион за што во Министерството е дадена наредба на сите раководители на подрачни служби, заедно со луѓето од Геодетската управа, врз основа на катастарските податоци и имотните листови да го утврдат слободното земјоделско земјиште во секој регион, да ги достават податоците за да може Министерството за труд и социјална политика и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја спроведат реформата врз основа на тоа земјиште како приоритетно. Податоците се прибираат и јас се надевам дека овие денови ќе ги имаме потполните податоци за сите реони, односно за сите подрачја во РМ, каде што ќе биде утврдено земјоделското земјиште што може веднаш да се распредели. По добивањето на тие податоци веднаш следува распишување на конкурс и постапка што е многу брза и ефикасна и врз основа на неа се распределува тоа земјиште.

Така што пратеникот со сигурност може да смета на тоа дека е во тек утврдување на слободно земјоделско земјиште и во кризните региони, како и на сите подрачја на Република Македонија и дека, штом податоците ќе бидат верификувани, утврдени, ќе се продолжи со реформата на територијата на РМ.

За тоа колку евентуално вакво земјиште од реоните за кои што зборува во овој момент е утврдено како слободно или колку земјиште е издадено под концесија, под закуп или се користи од поранешните комбинати, можеме да му дадеме писмен одговор доколку таква желба изрази и штом ќе добиеме податоци ќе бидат достапни и на пратеникот и на луѓето од кризните региони кои треба да се вклучат во реформата и на целата македонска јавност.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали пратеникот Халити е задоволен?

РАФИЗ ХАЛИТИ:

Задоволен сум од одговорот, со тоа што ќе чекам писмен одговор.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму со поставување прашања.

Збор има пратеникот Стојан Андов.

Господине Андов, повелете.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитувана госпоѓо потпретседател на Собранието, почитувани претставници на Владата, министри, почитувани колеги пратеници,

Моето прашање го упатувам на Владата на Република Македонија. Би сакал ...

(Координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се консултира со претседавачот на седницата потпретседателот Лилјана Поповска и со секретарот на Собранието Александар).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, да, продолжете, ве следиме.

Јас се извинувам, само да расчистиме, извинете само момент.

Господине Андов простете, имаше интервенција од пратеничката група.

Ве молам повелете.

СТОЈАН АНДОВ:

Моето прашање го упатувам до Владата на Република Македонија.

Сакам да ми одговори Владата за тоа во која фаза се активностите за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Грција и подигање на сегашните претставништва, кои се канцеларии за врски во ранг на амбасади.

Оваа акција што ја води Владата да подготви атмосфера за поволен исход доколку се одлучи за барање Македонија да добие статус на кандидат, многу е важно меѓу другите критериуми спаѓа и степенот на среденост на односите со соседите. Не станува збор само за тоа дали и колку прашања имаме отворено со кој сосед, туку и формално тие односи да се средени. Особено што Република Грција е членка на ЕУ и особено затоа што со интеривниот договор, Времениот договор од 13 септември 1995 година двете страни се обврзаа во што покусо време да воспостават дипломатски односи со крајна цел тие односи да бидат на ниво на амбасади.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, значи прашање до Владата ќе одговори господинот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Писмено ќе одговорам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор пратеничката за поставување на прашања Лилјана ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, претставници на Владата.

Моето прво прашање е до Министерството за економија, или Владата во целина. Секој помалку информиран граѓанин знае дека нафтениот бизнис е еден од најпрофитабилните бизниси во државата и при прометот на горива се прават најразлични малверзации. Еден вид на гориво се продава како друг, се додаваат разни додатоци, кои штетат на возилата. Во трката за поголем профит, најголемата штета ја трпат граѓаните, а така и државата.

Контролата на видот и квалитетот на горивата при увозот, продажбата и производството на ОКТА, како единствен производител е најважната работа за заштита на потрошувачите и во крајна линија и буџетските приходи од изгубен данок на овој начин.

Моето прашање гласи. Што превзема Министерството за економија за контрола на квалитетот и подобрување на состојбите во оваа област?

Моето второ прашање е до Министерството за образование. Ова прашање го поставувам од постојано инсистирање на жителите на село Монисспитово-Струмичко, во врска со реконстукција на основното училиште.

Моето прашање гласи: Дали Владата има обезбедено средства и кога ќе отпочне со реконстукција на основното училиште во село Моноспитово во кое не се одвива настава и децата секојдневно патуваат до соседното село.

Имам само две прашања.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со одговор на првото прашање.

Има збор претставникот од Министерството за економија г-динот Саити Куртали.

САИТИ КУРТАЛИ:

Пратеничката ќе добие одговор во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, одиме со одговор на второто прашање.

Ќе одговори претставникот од образование г-динот Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

На ова прашање неколку пати одговаравме. Навистина дека условите во училиштето во Мониспитово се на многу ниско ниво и учениците не можат редовно да ја следат наставата, заради несоодветни услови. Првичните проценки за санација на објектот одат со доста висока цена и потребно е значи во оваа буџетска година да се изнајдат нови извори, за кои што не успеавме. Во меѓувреме дадени се одредени средства за покривање на донацијата, која што беше дадена за училиштето во дел на инвентар школски клупи и столчиња. Тој дел го покри Министерството за образование и со контакти меѓу пратениците веќе е соопштено дека ќе се покријат и трошоците што всушност се чини транспортните трошоци за учениците во најблискит еучилишта да ја посетуваат наставата, се додека не започне реконструкцијата на објектот. Проектот е веќе изготвен, значи обезбедени беа средства за оваа година за изготвување на проектот и направена е некоја реална финансиска констукција за потребните зафати. Ние се надевавме на средства од Хелeник програмата, тие средства сега за сега не ги добивме и бидејки проблемот е ургентен ги внесовме во програмата за 2004 година. Мислам дека веќе во февруари кога ќе се создадат временски услови за започнување на градежни работи веќе ќе почне со санација на објектот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеничката е задоволна од одговорот.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Сакам околу првото прашање да ми се одговори во писмена форма, меѓутоа, би поставила дополнителна информација по првото прашање до Министерството за економија, исто така да достави информација околу независната контролна лабораторија на горивата, доколку е тоа можно. А по однос на второто прашање сакам да кажам во делот на донацијата која што беше за ова училиште од Холандија доставено благодарност до госпоѓата Елена, меѓутоа, Министерството за образование обезбеди средства за транспорт на таа донација, меѓутоа, темпото со кое се одлучуваше околу тие средства беше пребавно, така да апелирам за побрзо решавање на тој проблем и за такви мали средства. А во делот на реконстукција во село Мониспитово стекнав впечаток дека не се обезбедени средствата во целост, меѓутоа какви такви, барем за некоја санација за почеток на идната година да се обезбедат средства, апелирам до Министерството. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема коментари, она што е договорено на писмено, на писмено ќе оди.

Збор има да постави прашање пратеникот Џезаир Шакири.

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Благодарам почитувана госпоѓо, имам две прашања до Владата. Имајки предвид дека во последно време сме кон крај на 2003 година, сакам да прашам до каде сме со законот за територијална поделба, а исто така и зошто се доцни со законот за финансирање на општините, кога знаеме дека овој закон треба да помине во 2004 година и сакам да ја прашам Владата кога ќе ја добие таа динамика, што побрзо да ги помине овие закони.

Третото прашање е до министерот за образование,имајки предвид дека во последно време имаме исклучително проблеми со образованието во средните училишта каде учениците албанци се жртви, секојдневни жртви, зошто министерот за образование не бара финансирање од министерот за финансии да даде можности на учениците албанци во Куманово и во Скопје да се образуваат и да ги имаат школскит еобјекти кои ќе бидат лично нивни. Имајки предвид дека Скопје е со 200 илјади албанци нема ниеден објект за средно образование и кога знаеме дека во Скопје се наоѓаат 24 школски објекти други. Негледам дека Владата презема нешто за да ја смири ситуацијата во оваа насока. Сакам одговор кој што ќе биде конкретен од министерот за образование. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Одговор на првото прашање ќе даде претставникот на Владата господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, би сакал да информирам дека Владата на Република Македонија  една од првите приоритетни задачи ја постави како основен и главен приоритет, изградувајки една политичка, целосна согласност во реализација н аобврските на Рамковниот договор.

За таа цел Владата донесе оперативна програма за реализација на сите обврски кои произлегуваат од Рамковниот договор и кои беа преточени во уставните амандмани на Уставот на  Република Македонија Владата во февруари донесе оперативна програма за децентрализација на власта од државно на локално ниво во која точно, јасно и прецизно беа определени сите обврски со динамика и тајминг на извршување и доставување и до Парламентот и до јавноста и нивно усвојување.

Би сакал да го известам пратеникот, а преку тоа и Парламентот дека голем дел од важниот и битен дел за трансфер на надлежностите, особено во сложените области, како што е образованието, како што е делот на урбанизмот, делот на социјалната заштита, се веќе доставени во Парламентот и во прва фаза се разгледувани. Последните акти кои

произлегоа од Владата на Република Македонија на последната седница, тоа е законот за просторно и урбанистичко планирање и законот за изградба на инвестициони објекти и законот за детска заштита. Што значи, целосно врз основа на политичкиот консензус на сите политички партии, пред се, вклучувајки ги партиите од опозицијата на која беа присутни и претставници од опозиционата ДПА и ВМРО-ДПМНЕ кај претседателот на државата беше постигнат овој тајминг со динамика до крајот на 2003 година да биде нормативно целосно регулирана целокупната област во делот на децентрализацијата со исклучок на законот за локални избори и законот за градот Скопје. Таа динамика можам да констатирам дека согласно планот се одвива врз основ ана тајмингот утврден од Владата.

Што се однесува конкретно за законто за територијална поделба, или за оргаизација на територијалната поделба на Република Македонија , законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и законот за градот Скопје беше утврдена динамика во месец јуни во Парламентот да влезе законто за територијална организација и законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Врз основа на одредени консултации, како во коалиционите партнери во Владата, така и во опозиционите партнери, се утврди одреден дел дека законот за финансирање на единиците на локална самоуправа не даваат одредени можности за трајни и с табилни извори, што е многу битен за делот на одвивање на овој процес. Во тој период беше побарано мислење од експертска група на фискалниот дел на ММФ од Вашинктон, кој престојуваше во Република Македонија , кој ја заврши експертизата и последната варијанта, работниот текст од законот за финансирање е доставен до Владата. Во тој период коалиционите партнери врз основа на динамиката на доцнење на овие два закони кои треба да влезат паралелно во собраниска процедура одлучи заедно со овој пакет, бидејки се однесува и на делот на Скопје, односно на законот за градот Скопје, кој требаше да биде донесен некаде јануари или февруари 2000 година, одлучи целокупниот пакет на овие многу важни и битни закони да влезе во една заедничка процедура. Статусот на овие закони врз основа на кои ќе сер асправа во Парламентот се во владина процедура и Владата утврди точна и конкретна динамика, најдоцна до крајот на 2003 година , или со мало прекорачување јануари 2004 година би требало да се донесат законит еод страна на парламентот, а од Владата да влезат некаде до крајот на ноември. Тука е многу битен елемент на кој би сакал да укажам е другито дел на реализација на овој сложен и важен битен процес, тоа е делот на комуникација со јавноста и Владата утврди целосно и транспарентно врз програмата, а не врз основ ана некои укажувања на некои опозициони партии дека законот за територијална

организација и законот за финансирање, законот за град Скопје ќе биде во Парламентот внесен во една фаза, врз основа на нерасправи во делот на запознавање на граѓаните на делот на невладините организации и на единиците на локалната самоуправа. Сакам да ве уверам дека тој процес на запознавање врз основа на потребата за донесување и прелдог за донесување ќе биде спроведен целосно врз основа на претходно добиените мислења од работните тела на Собранието и пратениците. По првата фаза ќе организираме целосна расправа и сегашниот став на Владата во кои се во работнит етела овие три закони, се вршат усогласувања и врз тој дел ќе бидат запознаени претставниците на опозиционите партии и ќе бидат донесени согласно рокот, некаде до крајот на годината, или најдоцна до почетокот на месец јануари. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали господинот Шакири е задоволен?

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Да.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Следното прашање е до министерто за образование господинот Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Благодарам. Ќе се обидам да одговорам на прашањето на почитуваниот пратеник. Имено, во почетокот се знаеше дека одредени проблеми во образованието, особено во средното, па и во основното, а посебно во средното, поради потребата за приклучување на повеќе основци во средното образование и како новата димензија што произлегуваше од Охридскиот договор на сите заедници, каде што има можности и услови да се овозможи школување и на ова ниво, се знаеШе дека ќе се соочиме со проблем кој што произлегува од несекогаш адекватниот простор за реализација на таква една политика. Значи од почетокот се знаеше дека овие проблеми ќе произлегуваат од овој кусок на простор и мислевме дека, а и политика на Владата беше дека треба да се разгледаат можностите, кои што во склоп на нашите финансиски можности на некоја смисла да се употребуваат сите постојни капацитети да се искомбинираат и да се направат решенија кои што сигурно ќе бидат задоволителни за постепено задоволување за повеќе акцес и пристап на младите во средното образование, а притоа сигурно да не биде во судир со можностите на државата за фиансирање, капитани инвестиции и т.н., така да кон тој прв чекор пријдовме кон решавање на овие проблеми со постојните капацитети. Точно е тоа

дека за реализација на владината политика и нашата политика како Министерство, во склоп на таа политика, за да се подобри пристапот на сите ученици и воопшто на учениците што завршуваат основно, према средно образование, сигурно е дке ана некои места ќе треба да се размислува и за можноста да се прилагодат просторните можности со потребата што произлегува и која што ние ја евалуираме секоја година.

Сигурно дека ние како Министерство, заедно со Министерството за финансии и како Вада во целина, водиме сметка за таквите потреби и се обидуваме тоа да го вградиме во склоп на целокупната политика и финансиска политика на Владата и нормално дека нашите побарувања према Министерството за финансии, кои што не може да се каже дека е некое побарување на еден субјект и на друг, ние сме една Влада и во целина се обидуваме тоа да го решиме на адекватен начин, а за тие потреби кои што не ќе бидеме во можност така да ги реализираме, а кои што можат да создадат проблеми кои што можат да призлезат од кусокот на тој простор, нормално дека се надеваме дека ќе имаме подршка и од меѓународниот фактор кој и текако се заентересирани постојните проблеми кои што произлегуваат и од овој контекст, заедно со наш ги решаваат за доброто на сите ученици во Република Македонија . Затоа што, како што се кажа тука жртви се овие или тие ученици. Јас мислам дека во овие состојби жртви сме ние сите, дека жртви се душите на младите луѓе, кои што поради неможност да се прилагодат во токовите и да овозможиме нормални просторни можности идеални за нив испаштаат пред се не едните или другите, туку сите и мислам дека нашата намера е тоа чувство да го надминеме со една политика која што постепено ќе овозможи и поадекватни простори и подобри услови и да биде на задоволство на сите и секој да исползува од образованието тоа што е предвидено.

Во овој контекс и заради таквата потреба, вие сите знаете јас морам да кажам и денеска дека ние склучивме и потпишавме Договор и со Светската Банка за реформа и модернизација во средното образование, кое што е 15 милиони долари, заедно со Холандската Влада имаме исто така потпишан Договор што деновиве почнува и ќе го отвориме во Гевгелија таканареченото електронско училиште, каде што ќе почнеме да воведуваме компјутеризација, во склоп на модернизацијата и мислам дека тоа е помош од 13,5 милиони долари од УСА издадено и тоа е една сума од 28-29 милиони долари кое што покажува дека навистина меѓународната заедница не само што има разбирање, туку е многу заентересирана да им помогне на сите во Република Македонија , да ги надминат постојните проблеми, а и врзани со просторот, мислам дека во текот на о.г. ќе направиме и решенија кои што ќе ги задоволат потребите за коишто мислам дека има

простор, а сигурно дека за тоа што не ќе можеме како Влада, ќе иаме подршка и од другите структури и мислам дека во текот на годината така и ќе биде. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, дали пратеникот Шакири е задоволен од одговорот.

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Делумно да, меѓутоа, во врска со одговорот на министерот би сакал да нагласам вели дека сите ние го делиме истиот проблем. Ова не е вистина. Ако тој нема смелост да го каже зборот, јас ќе кажам како во Куманово, како во Скопје, така и во Битола имаат проблем албанците. Јас сакам да ги затвориме очите од овој аспект, да не ги поттикнеме кон лошо работите, меѓутоа, јас не видов ни еден пратеник или министер од едната или од другата македонска партија да оди и да разговара со тие луѓе и да ги убеди дека ова е нешто што не треба да се случи во нашата држава и дека сит еученици имаат право на учење и да не се гаѓаат страните едни со други. Значи ова е нешто што Владата треба некако со забрзани чекори да го реши и да го регулира овој проблем, дали со финансирање, дали ќе најде објекти, тоа е нивен проблем. Меѓутоа, ова е проблем кој што не може веќе да се издржи.

Замислете ако Здружението на родителите албанци или некој друг се обидува да ги извади албанците, жртвите во оваа прилика на улица или на протести пред Владата на Република Македонија во секојдневни протести и така тие нормално не ја следат наставата, што ќе се случи. Работите треба да се кажат така. Кога нема подобрување, треба да се кажат такви какви што се. Значи, секогаш ли да бидеме жртви и да се обидуваме да ги подобриме и угладиме работите и да речеме утре ќе биде подобро. Ова е проблем кој што многу брзо треба да се реши со образованието во средното училиште, затоа што работите може да излезат од контрола. Јас лично им замерувам на македонските политички партии што ниту еде нивен пратеник или министер не оди да ги убедува тие родители и ученици и да им каде дека патот кој што го фатиле е погрешен и не е во прилог на стабилизација на ситуацијата. Знаат министрите и пратениците, секогаш кога има проблем во бившите кризни региони ние се таму први, а не гледам таква смелост да имаат моите колеги пратеници македонци.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има коментар министерот Положани. Повелете.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Јас потполно се согласувам со пратеникот дека постојните проблеми било тие да се веќе евиденти и каде се нагласени, каде треба да се реализираат некои политики во образованието, дека треба да се решат и ние токму тоа и го правиме и го решаваме на начин базиран врз законот или врз нашите можности и за што имаме поддршка од многу, како што реков и внатрешни и надворешни фактори.

Точно е тоа дека и познато е тоа дека некаде кој каде е жртвуван или е жртва, јас се надевам дека не можеме да разговараме за жртви, за среќа и не би било добро тоа да се на тој начин да се престави. Инаку, проблемите од каде што доаѓаат и према ккого се однесуваат, јас не сакам тука сега да уште еднаш тоа го провоцирам, затоа што тие се познати и се знае какви се проблемите, од што произлегуваат, колку долго се таму, дали се решија во минатото, не се решија и што ние правиме тие да ги решиме. Но, јас пак стојам на становиштето дека во крајна истаснца тоа ми беше и мојата замисла, дека кога не се средуваат односите во образованието, кога не се изнајдува чувство за взаемно разбирање за да се надминат овие проблеми и кога се засадува преку одредени активности и од

параобразовни структури повеќе омраза него љубов меѓу луѓето, сепак ние сите сме жртви и поготово можеме сите да жалиме дека најделикатна и најнепотребна жртва е душата на младите луѓе било кој и било како да се викаат тие. Затоа, тоа што јас тука го промовирам и тука што се залагам, се залагам да се надминат проблемите кои и господинот пратеник ги истакна, се зафаќам за проблемот и мислам дека во склоп на овие наши консензуални така да кажам политики за потребата на повисок степен на образование на сите заедници во Република Македонија, во тек сме за реализација и на сегашните проблеми кмои се јасни и се знае какви се, но и во функција на воспоставување на односи и придонес од секого да се придонесува кон создавање на љубов меѓу луѓето, кон одалечување од јазикот на омразата, одалечување од разни активности кои што за жал, за жал се евиденти, што се садат во овие млади души и непотребна омраза. Велам, сепак е лошо за сите нас, а не за некого посебно одвоено.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму со поставување прашања.

Збор има пратеникот Блаже Стојановски. Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓа потпретседателке, почитувани членови на Владата,

Имам три прашања.

Првото прашање би го поставил до сеуште нереконструираната Влада во целина, па н[illegible] се најде министерот кој што треба да одговори на ова прашање, а тоа гласи:

Помпезните најави за почнување со реализација на предизборните ветувања на СДСМ за вработување на по еден член од семејство и за борба против сиромаштијата со донесувањето на Законот за поттикнување на вработување, или таканаречениот Бранков закон, се покажаа како голема грешка на владеачката коалиција. Цената на таа нивна грешка ја плаќаме сите ние, граѓаните на Република Македонија, со зголемувањето на цените на многу производи од егзистенцијално значење. Износот на средства потребни за реализација на Бранковиот закон беше обезбеден преку покачувањето на данокот на додадена вредност од 5% на 18%. Значи, за промашувањата на Владата на Република Македонија на СДСМ и ДУИ плаќаат сите граѓани на Република Македонија. Наместо најавуваните 20.000

вработувања, само во 2003 година, Бранковиот закон доживеа тотално фијаско со само околу 3.000 лица кои ги остваруваат бенефициите од овој закон. Ние како опозициони пратеници уште при донесувањето на овој закон укажувавме на грешките што се прават со неговото донесување, но немаше кој да ги слушне нашите аргументи. Моето прашање е следното:

Дали Владата на Бранко Црвенковски ќе го укине овој Бранков закон, ќе го намали данокот на додадена вредност на нивото од 5% и ќе им се извини на граѓаните на Република Македонија за лажните ветувања и штетите кои им ги нанесе со овој закон.

Моето второ прашање е до министерот за внатрешни работи, господинот Хари Костов, одамна нема поставено денеска прашање до него. Моето прашање гласи:

Дали сметате дека македонците по потекло кои се родени и живеат надвор од границите на Република Македонија имаат право на државјанство во својата матична држава, Република Македонија.

Третото прашање е министерот за одбрана, господинот Владо Бучковски и гласи:

На 19 август 1991 година е донесе Закон за материјално обезбедување на учесниците во НОВ. Со овој закон се предвидени посебни права кои им припаѓаат на учесниците во НОВ. Припадниците на безбедносните сили на Република Македонија кои учествуваа во оружените дејствија во одбрана на суверенитетот на Република Македонија во 2001 година и 2002 година имаат барање, со кое сакаат правата кои се предвидени со Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ, да можат да ги остварат и тие лица. Согласно тоа, барам министерот да ми одговори дали Владата ќе го прифати ова нивно барање, односно дали Владата на Република Македонија ќе предложи решенија кои ќе ги заштитат овие лица кои имаат претрпено многу трауми, доколку се појави потреба од отпуштање од работа во државните институции, претпријатијата со државен капитал, каде што се тие вработени, како и дали ќе може да почне да се остварува ветувањето за вработување на овие лица кои се социјално необезбедени.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Првото прашање беше упатено општо до Владата. Дали се договоривте?

Ќе одговори претставникот од Министерството за труд и социјална политика, заменик министерот. Повелете.

МАКСУД АЛИ:

Во врска со одговорот на пратеникот Блаже Стојановски. Точно е дека Владата го донесе Законот за поттикнување на вработувањето и тоа за подобрување на вработувањето. Но сепак , треба да сме фер и не треба да се минимизираат резултатите. До 28 октомври користејќи го овој закон за поттикнување на вработувањето се вработени 6.200 луѓе. Велам да не се минимизираат резултатите зашто од тие вработени 2.000 луѓе се од технолошки вишок, од стечајци, но една предност, со овој закон, во овие 6.000 вработени една голема бројка од 600 луѓе се со високошколски кадаср. Факт е дека имаме проблем со вработување на високошколскиот кадар. Затоа, и законот беше предвиден до 31.12. иако е оваа бројка од 6.200 луѓе, иако тие предвидувања биле 20.000, очекуваме да се зголеми и овој број.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Заменик министерот за финансии господинот Кокаровски ќе дополни. Повелете.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Бидејќи така беше поставено прашањето од господинот Блаже Стојановски, во смисла на Законот за поттикнување на вработување и стапката на данокот на додадена вредност. Тие два закони не се дирекно поврзани и не е направена измена на стапката на данокот на додадена вредност од 5% на 18%, заради Законот за поттикнување на вработување. Тоа беше една дирекна мерка за која што заменикот зборуваше, која што даде одредени резултати, меѓутоа, дискутабилно е понатаму што и кои мерки ќе ги преземе во наредниот концепт Владата на Република Македонија во макроекономската политика за наредната година. Меѓутоа, фискалната политика за оваа година, фискалната стратегија која што ја изработивме и фискалната политика и Буџетот кој го работиме во овој момент и ги усогласуваме некои гледишта заедно со Мисијата на Меѓународниот монетарен

фонд, не предвидуваат воопшто намалување на даночните стапки, бидејќи не се и на тоа фундирани.

Според тоа, може да останеме на позицијата дека стапките кои што се на данокот на додадена вредност ќе останат и за наредната година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали е пратеникот Стојановски задоволен од одговорите?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Морам да кажам посебно за претставникот, заменик министерот за труд и социјална политика и посебно до заменик министерот за финансии.

Значи, од она што го кажавте заклучив дека вие сеуште се надевате дека Законот за поттикнување на вработувањето или Бранковиот закон ќе ги оствари очекуваните резултати до крајот на оваа година од 20.000 вработувања, како што и самите рековте. За овие два месеца ќе остварите вработувања од околу 14.000 нови вработени, под тој основ, со цел да бидат остварени тие 20.000 затоа што како што рековте и самите до денес има околу 6.200 лица кои што ги оствариле бенефициите по овој закон, односно добиле по 4.200 денари како надомест за придонеси.

Моето дополнително прашање кое е по овој основ е дали можеме да добиеме писмено известување во смисла на нови вработени кои што претходно не биле воопшто вработени во фирми, или лица кои биле технолошки вишок, па биле повторно вработени и стручната подготовка на тие лица. Како еден преглед, да го имаме во смисла на целосно запознавање со остварувањето и реализацијата на овој закон.

Кога се работи за покачувањето на данокот на додадена вредност, факт е дека за реализација на овој закон беа обезбедени определен износ на средства од Буџетот на Република Македонија и тој износ беше насочен за остварување на целите кои беа предвидени со одредбите од овој закон.

Прашањето ми е колку од тие средства се употребени за реализација на овој закон, колку останаа неупотребени од планираните и што со тие што нема да бидат употребени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Заменик министерот за труд, дали може да одговори?

МАКСУД АЛИ:

На пратеникот можеме да му доставиме преглед на структура на вработени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред. Заменик министерот за финансии.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Законот за поттикнување на вработувњето и кога беше донесен Буџетот за 2003 година за оваа намена беа издвоени 600 милиони денари. Со ребалансот ние направивме одредени повлекувања, со оглед на следењето на реализацијата на тој проект и некаде околу 447 милиони денари беа како заштеда, така ги водиме во Буџетот пренаменети во друга функција ставени, така да до крајот на годината ќе видиме што се точно до овој момент сме реализирале, бидејќи бројките се променливи, но во никој случај не се 3.000, повеќе се од 6.000, нека не се минимизира тој степен на неточност. Ќе добие точни бројки пратеникот и тие пари ќе бидат и понатаму во наредните години исплаќани за дел кој што имаат преземено обврска стопанските субјекти кои што вработиле. Тоа е што можеме да му кажеме на господин Стојановски бидејќи тоа не се пари кои што ќе се потрошат под некакво лично наоѓање. Има оваа држава простор и потреби и обврски каде може таа заштеда и такви пари доколку не се функција за таа намена, да ги потроши за друга намена.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму со одговор.

Второто прашање беше упатено до министерот за внатрешни работи. Господине Костов повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Директно и кратко, сосема јасно, да. Меѓутоа, сакам да кажам следно.

Мислам од дискусијата околу носењето на измените и дополнувањата на Законот за државјанство во Собранието сеуште не почнале, меѓутоа во јавноста, од определени лица поединци, наводно експерти, парти и т.н. се претвори во

создавање на определена можност за определен политички маркетинг, без точно да се читаат речениците, да се чита она што е содржано во Законот и некои наводно да излегува со произволни бројки, произволни толкувања и т.н. Дури бевме сведоци, иако на некои емисии јавност се кажува, а потоа самата емисија на одговорните лица од Министерството за внатрешни работи им е пренесено, па добро, треба да разберете, ние овде си водиме и политика и тоа не само фактичките бројки, па заради тоа и такви изјави даваме. Беа изнесени некои бомбастични изјави дека сега од денот на сукцесијата на Република Македонија 80.000 до 100.000 граѓани албанци ќе добиеле државјанство, ќе се изменува комплетната национална структура на Република Македонија, дека треба да се чекаат резултатите од пописот, да се чека приемот во Европската унија или незнам сеуште што не.

Членот 14, односно поранешниот 26 од Законот ги регулира оние делчиња кои се однесуваат на лицата кои ни се наоѓаат на територија на Република Македонија и таа бројка нема да биде поголема од 3.000 до 4.000 граѓани и не треба околу тоа да се злоупотребуваат бројки од 80.000, 100.000 или незнам какви бројки.

Второ, околу македонците по потекло. Ама, воопшто не е направено ако се чита само бришење на реченица. Во постојниот член 11 кој што сега се менува и во членот 11 кој што е во предлогот на Законот содржан, стои дека прием во државјанство се врши и по основ на граѓани на Република Македонија од странство и т.н. каде што приемот претставува спортски, културен, сега го парафразираме не е точниот збор, затоа што ќе биде и на дневен ред на седницата на Собранието на Република Македонија, меѓутоа, спортски, културен, национален или има уште плус интереси и критериумите околу националниот интерес ги утврдува Владата. Според тоа, прием на државјанство на лица македонци во странство сигурно дека е национален интерес. Според тоа, нема воопшто било какви дилеми, или било какви големи полемики да се одвиваат во јавноста за нешто што е решено и со овој член 11 сегашен.

Второ, Владата на Република Македонија во делот од дискусијата што беше во комисиите и покрај ваквото решение Владата реши фактички да го прифати едниот од амандманите и официјалното прифаќање ќе биде на самата седница, кога ќе биде претресот, кој што се однесува на воведување на еден од амандманите што пратеникот го имаше токму во оваа насока. Меѓутоа, би требало внимателно да се читаат законите и членовите кои ги имаат, а не маркетинзи само да се водат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали е задоволен пратеникот Стојановски. Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не ми беше намерата да правам маркетинг. Чисто сакав да видам дали решението кое ќе биде во идниот закон за државјанство и предлогот кој што ќе го добиеме од Владата на Република Македонија ќе обезбеди заштита на правата на овие лица кои се родени надвор од Република Македонија се македонци по потекло и тие треба да остварат една директна врска по пат на државјанство, со својата матична држава. Јас се надевам дека во Законот ќе ги прифатите и останатите амандмани кои што се однесуваат на подобрување на одделни решенија кои што во старт беа премногу нејасно поставени од страна на Владата, односно на Министерството за внатрешни работи беа доставени како предлог и предизвикаа големи дискусии во јавноста. ВМРО-ДПМНЕ и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи законот за државјанство, само доколку бидат прифатени амандманите кои што ги имаме поднесено како пратеничка група.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Кога спомнав маркетинг, не мислев на пратеникот дека води маркетинг, туку некои други лица.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање е поствено до министерот за одбрана.

Има збор г-динот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Најнапред сметам дека за ваква сериозна тема несериозно е врз основа на пратеничко прашање министерот за одбрана или било кој претставник на Владата да дава ветување дека може да се решат проблемите на припадниците на безбедносните сили, веројатно се мисли пред се од резервниот состав, кои учествуваа во одбраната на државата за време на кризата во 2001 година.

Ако стигнало писмено барање до пратеникот Стојановски, тој има можност или да го препрати до Министерството за одбрана, евентуално до Министерството за внатрешни работи, па ние писмено да одговориме, или бидејќи е дел од

законодавниот дом да се обиде врз основа на тоа барање да подготви некој законски текст, па ние во таа фаза да дадеме мислење како Влада или како министерство што мислиме. Мислам дека не е избран соодветниот начин на денешната седница во форма на пратеничко прашање, и колку да имаме добра волја да решиме толку крупни проблеми.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот Стојановски е задоволен од одговорот?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мене целта не ми беше на оваа седница да го решиме тоа прашање, целта ми беше да се актуелизира ова прашање и да се изнајдат начини да се остварат овие права и потреби кои ги имаат овие лица.

Јас се согласувам со министерот дека треба да се покрене ваква иницијатива и еве како пратеници и како Министерствот за одбрана и Министерството за внатрешни работи, се надевам дека ќе дојдеме до еден закон кој ќе ги реши овие прашања на припадниците на безбедносните сили од резервнот состав.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи завршивме со одговорите на овие прашања.

Одиме понатаму со поставување на прашања.

На ред е пратеникот Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке на Собранието, почитувани членови на Владата на РМ, почитувани мои колеги пратеници,

Ќе поставам три прашања.

Моето прво прашање го упатувам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и гласи:

Какви мерки ќе преземе Владата на РМ за решавање на проблемот со откупот на јаболката.

Ова прашање го поставувам по втор пат во мојот мандат, бидејќи овој проблем е од највисок приоритет за сите граѓани на Ресен и Преспа. Општо е познато дека во сферата на откупот на јаболката владее еден тотален хаос. Ако денот се познава по утрото, односно откупот на првокласното јаболко се оценува по тоа како се одвива во моментов откупот на индустриското јаболко, тогаш црно им се пишува на сите производители на јаболка во преспа за оваа година. Верувале или не, откупната цена на индустриското јаболко се движи од 1,5 до 2 денари по

килограм што е понижувачко и едноставно не им се исплатува на производителите на јаболка во Преспа да ги собираат и да ги предаваат.

По мое мислење, ова се должи на исклучително лошото работење на единствената фабрика за преработка на индустриско јаболко што се наоѓа во село Царев Двор во Преспа, едноставно газдите сами си ја формираат цената, која како што кажав е многу ниска, нередовно им се исплатуваат и тие малку пари, а најчесто со компензација со нивни производи од постар датум, а со повисоки цени.

Проблемот со откупот на јаболка се интензивира посебно во последниве три до четири години, откако е укината една владина одлука за врзаност на увозот на јужно овошје со извоз на јаболко во сооднос 1:2 во корист на јаболкото. Оваа мерка даваше добри резултати.

Ги молам надлежните во Министерството да ми одговорат дали може оваа мерка да се врати или пак дали може да се изнајде некој друг начин на заштита на домашното производство.

Исто така, во одговорот сакам да ми се образложи дали е можно на било кој начин да се намалат давачките што нашата држава ги наплатува а кои се доста големи и се движат околу 12 илјади денари за секое влезено возило од соседните земји, кои сакаат да вршат откуп на јаболка и тоа за секое возило, без разлика на нивната носивост. Исто така, во одговорот сакам да ми се образложи дали конечно се размислува за отпочнување на еден организиран откуп на јаболка од страна на државата и извоз на истите во други земји, со компензации. Конкретно, такви најави имавме ние од Преспа со претставници од Руската федерација и Украина за извоз на јаболка покриен со увоз на пилешко месо во сооднос 1:1. За користа од еден ваков организиран откуп од страна на државата не треба многу да се зборува, бидејќи ќе се заштедат големи износи на девизни средства, околу 15 милиони евра, би се намалил тговскиот дефицит на државата со странство за тој износ, а производителите на јаболка не би го фрлале нивното производство по реќите и ѓубриштето на Преспа.

Исто така, во одговорот сакам конкретно да се каже дали при неодамнешната владина посета на Русија стана збор околу извозот на јаболката од РМ во Руската Федерација. Овој проблем е најтежок во Преспа, бидејќи изминаа неповратно убавите времиња кога производството на јаболка беше дополнителна дејност на граѓаните на Преспа. Во последните десетина години во Преспа останаа 2,5 илјади работници без работа по разни основи, стечај, технолошки вишок, пропаѓање на големите стопански субјекти и верувајте дека производството на јаболка

претставува егзистенција и единствен начин на преживување на над 70% од семејствата во Преспа.

Моето второ прашање ќе го поставам исто така до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа гласи:

Дали конечно наредната година ќе проработа ракетниот радарски систем во село Претор за градобијна заштита на Преспанското поле.

Едно кратко образложение: Во последните 5 до 6 години овој систем не работи. Минатата сезона добивме ветување дека нема да има никаков проблем да почне повторно да функционира овој систем, но имало проблеми околу набавката на ракетите. Верувајте дека нема година а градот да не си го земе својот данок. Свесен сум дека нема иеален начин за борба за одбрана од ова божјо зло, но исто така знаеме сите во Преспа, искуството тоа ни го кажува, дека во годините кога овој систем ефикасно работеше ефектите беа многу позитивни. Иако до претстојната сезона која почнува некаде во април месец има доста време, сакам навремено да ми се одговори дали идната година Преспа ќе има еден функционален и ефикасен систем за одбрана од градобијните облаци.

Моето трето прашање ќе го упатам до Министерството за здравство и тоа гласи:

Кога точно ќе почне спроведувањето на новиот тендер за лекови и друг потрошен медицински материјал.

Кратко образложение: измина подолго време откако се распишаа новите тенденри од областа на здравството. Пред граѓаните на РМ ветивме и јавно се обврзавме дека ќе се спроведат ненаместени и чесни тендери со цел да се намали цената на лековите и останатиот потрошен медицински материјал.

Неофицијално сум известендека тендерот е во завршна фаза и дека со спроведувањето на истиот цените на лековите навистина ќе се намалеле за околу 30%. Во истовреме, тоа би значело и заштеда во Фондот за здравствено осигирување на РМ од десетина милиони евра кои понатаму би можеле да се искористат за зголемување на првата на здравствените осигуреници што исто така го ветивме пред изборите. Да не заборавиме што би значело тоа за растоварување на џебот на секој граѓанин на РМ во овие тешки економски времиња. Тука пред се мислам на огромната Армија од над 200 илјади пензионери во РМ, кои од својата скромна плата над половина користат за снабдување со лекови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со одговори.

Првото прашање беше упатено до Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г-динот Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во тек е изработка на стратегија за конкурентноста на македонското земјоделство и за правците на развој на истотот, која ја води мултидисциплинарен тип под раководство на Земјоделскиот факултет во Скопје, во чија работа учествуваат и странски експерти со свој придонес, за што беше организирана и одржана тркалезната маса во Охрид во изминатата недела.

Со стратегијата за конкурентноста на македонското земјоделство и правците на неговиот развој истовремено мора да се донесе и соодветен пропис, кој таквата стратегија треба да овозможи да биде спроведена, а тоа е веќе познатиот во Европските земји закон за финансирање во земјоделството, односно за државна помош, во кој ќе се определат начините, основите и видот на помошта што Македонија треба да ја вложува во своето земјоделство.

До завршувањето на ова стратегија, која во првичната верзија треба да биде некаде во декември, заедно со текстот на законот што треба да ја следи, не би можел да зборувам зза тоа кои решенија ќе се прифатат, затоа што меѓу другото за тој закон ќе се расправа во ова Собрание каде ќе се потврдат предлозите на Владата или евентуално ќе се изменат или видоизменат. тоа ќе рече дека за заштита на Преспанското јаболко, како и на сите други земјоделски култури во РМ, кои со оглед на околностите во кои живееме не може а да не се наречат стратешки, ќе решава ова Собрание врз основа на предлози што Владата интензивно ги работи.

Второто прашање во поглед на тоа како да се заштити Преспанското јаболко го сметам и како прашање како да се заштитат и другите македонски земјоделски производи од конкуренцијата кој очигледно ќе ја има.

Со пристапувањето кон договорот со Светската трговска организација што Република Македонија го направи определени се два основи или неколку основи во коишто таквата заштита треба да се одвива. Прво ќе зборувам за тоа дека заштитата на македонското земјоделство од конкурентност, вклучувајќи го и преспанското јаболко мора да оди во правец на подигнување, односно воспоставување на заштитни карински бариери предвидени со Договорот што Република Македонија го потпиша и второ, со подигнување на квалитетот и конкурентноста на македонските земјоделски производи, вклучувајќи го преспанското јаболко, затоа што само таква комбинирана заштита во подигнивање и

вложување во квалитетот, со истовремена примена на прописи за заштита до моментот додека квалитетот не го достигне одреденото ниво и конкурентност на светскиот пазар, Република Македонија ќе го прави и ќе го прави тоа што досега и го правеше. Тоа значи дека во иднина напорите во тој правец мора да бидат зголемени.

Второ, Република Македонија потпиша Договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ и истовремено е потпишана и Времената спогодба за реализација на таа спогодба, врз основа на која што беа обавени на 8 мај бриселските разговори околу либерализација на македонскиот пазар, вклучувајќи го и пазарот на земјоделски производи и е постигнат задоволителен договор со ЕУ, во кој што на голем број или скоро на сите македонски земјоделски производи им е даден третманот на особено чувствителни производи и либерализацијата или н амалувањето на царините во периодот пред нас е со забавено темпо, за да се обезбеди заштитата за која станува збор.

Да резимирам, заштитата на секој македонски производ, вклужувајќи го и преспанското јаболко, се одвива во рамките на потпишаната Спогодба за стабилизација и асоцијација, на Времената Спогодба и на Договорот со Светската трговска организација и во тој правец преземаме соодветни со закон дозволени дејствија, со кои тие производи ги штитиме, истовремено поттикнувајќи конкурентност.

Во овој момент, со жалење морам да одговорам дека друг вид на заштита освен овој за кој зборувам ниту е допуштен според Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ниту пак со пристапот на Македонија кон СТО а особено не стимулациите за кои пратеникот постави директно прашање дали и колку можат да се допуштат, односно извозни или некој друг вид стимулации. Стимулациите, особено извозните со договорот со СТО се строго забранети и ако пратеникот се сеќава, сигурно веќе тоа го знае, првиот вид на стимулации за извоз беа оние што ги укинавме за извозот на јагнешкото месо, почитувајќи го договорот кој што веќе го имаме потпишано. Меѓутоа, пак ќе повторам, заштитата нема да оди во вид на премирање на извоз или премирање по килограм извесено земјоделско производство туку, врз други основи за кои во овој момент не можам да зборувам меѓутоа, ќе напомнам неколку:  финансирање по единица земјишта површина за производство за одредени производи, понатаму финансирање на надоместоците за осигурување, што е веќе одговор на третото прашање во врска со заштитата од градобијноста и други дејствија кои ги преземаме. Откупот на земјоделски

производи, вклучувајќи го и откупот на преспанското јаболко како интервентен од страна на државата, во овој момент можам да кажам дека може да се одвива само на еден единствен начин. Со оглед на тоа дека државата на пазарот и слободата на претприемништовото може да интервенира само преку осмислување, пропишување и заштита на правила на игра, односно правила на дејствување, кои сите субјекти треба да ги донесат во еднаква положба на пазарот и дека не може и не смее, затоа што тоа не е познат начин во Европските и Светските земји да се меша во смисла на тоа што ќе изигрува трговец, ќе откупува производи, а потоа ќе ги препродава, решението на проблемот околу откупот може да се реши само во рамките на Законто за стоковни резерви. Тој закон ми се чини дека е подготвен во две верзии и наскоро ќе се најде пред Собрнаието, каде што ќе се утврди кои се надлежностите на Бирото за стоковни резерви, кога и дали државата ќе врши пополнување на стоковните резерви и дали во рамките на тоа ќе има интервентен откуп за откуп на стоковните резерви, односно на одредени стоки. Дали Преспанското јаболко ќе се најде во тој закон како производ кој ќе ги задоволува Европските и другите стандарди да влегува како стока која што може да ги пополнува стоковните резерви и притоа ќе се врши интервентен откуп, во овој момент не можам да застанам пред одговор на пратеницте што ќе го дадат при изгласувањето на тој закон.

Во поглед на прашањето за тоа дали и колку ре разговарано на последната средба во Русија со Руската федерација околу прашањето за извозот на јаболкото, можам да кажам дека за тој дел немам доволно информации, бидејќи не бев во делегацијата. Јас знам за што требаше да се разговара, меѓутоа, покрај тоа за шт друго е разговарано е очигледно е дека ќе треба да се упати на Министерството за економија кое беше преставено со својот министер. Исто така, решението за извоз на преспанското јаболко како и извозот на другите земјоелски производи во Европа и во светот, покрај со договорот со СТО и Спогодбата за стабилизација и асоцијација се решава на уште еден или трет познат начин кој се практикува, а тоа е преку склучување на посебни договори за слободна трговија со земји кои не се членки на ЕУ, какви што имавме и имаме 11, од кои еден престана или ќе престане со оглед на тоа што Словенија веќе станува членка на ЕУ, и со силата на тоа предстануваат договорите вклучувајќи го и Договорот со Словенија. Договорите за Слободна трговија ги склучува Министерството за економија во име на Владата на РМ, врз основа на консултации со Министерствата чии производи од доменот на работата на Министерството се предмет на таков договор.

Доколку пратеникот се интересира, можеме да му доставиме писмена информација во десетте или 11-те склучени договори дали и колку Преспанското јаболко било вклучено во тие договори за слободна трговија и каков третман имало. Меѓутоа, со оглед на тоа дека во времето на склучувањето на тие договори јас не сум бил министер за земјоделство не можам да му дадам прецизен одговор во овој момент, меѓутоа, доколку инсистира во писмена форма можеме да му го дадеме одговорот.

Во однос на последното прашање, а тоа е прашањето за дејството на противградната заштита, можам да го известам дека во текот на годината се правени напори и се постигнати задоволителни резултати од Министерството, да се обезбедат средства покрај оние за набавка на противградобијни ракети, истовремено и средства во висина од околу 4,9 милиони денари односно околу 5 милиони денари за реконструкција или техничко опремување или доопремување на радарскиот систем , односно на техниката за работа со тие ракети. Со оглед на тоа дека тие средства беа одобрени пред неколку месеци и е во фаза трошење на истите преку  одредени програми што ги прави Управата зза хидрометеоролошки работи, исто така пратеникот може да добие одговор, во псимена форма од упрвата за ХМЗ односно преку министерството од таа управа за тоа дали тие средства се потрошени, за што се трошат или ќе се потрошат во иднина и дали е во план опремувањето на радарскиот центар за кој пратеникот праша. Во секој случај, на негова желба за овие две работи може дополнително да добие писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи добивме одговор на првото прашање со сите негови потпрашања и одговор на второто прашање.

Дали пратеникот Гештаковски е задоволен?

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Задоволен сум од исцрпните одговори на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Се надевам дека во тек се повеќе активности што ги кажа сега министерот и дека со добра волја од страна на Министерството и на моите колеги пратеници овде во Собранието, кога ќе дојдат на дневен ред, ќе направиме нешто за подобрување на состојбата со откупот на јаболката.

Околу Второто прашање би сакал да добијам писмен одговор за да знам  дали таа локација во село Претор во Преспа е одредена за заштита од градобијните области.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали има коментар г-динот Петров?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Молам, преку собранието да го добијам барањето за писмен одговор, ќе го проследам ии пратеникот до следната седница ќе добие писмен одговор на прашањето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор следи на третото прашање од пратеникот Гештаковски, а беше упатено до Министерот за здравство.

Има збор г-динот Реџеп Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Во врска со ова прашање поставено од пратеникот Гештаковски кога ќе се отворат тендерите за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала кои се обезбедуваат од страна на Фондот за здравствено осигурување. Пратеникот е во право при поставувањето на ваквото прашање и кога вели дека од поодамна нема тендер за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала така што снабдувањето или дистрибуцијата на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала се врши врз база на условите и изворите од стариот тендер значи од 2001 година и врз база на ова снабдување има некои услови кои не се реални по однос на избор на квалитет и цени. Имаме поднесено информација до Владата, но мора да истакнам една работа, јавноста е информирана дека оваа година е подготвена и објавена нова листа на лекови што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување и која за прв пат е подготвена и обработена врз база на генерика што мислам дека е еден квалитет по овој однос и сме во фаза заедно со Фондот за здравствено осигурување на утврдување на тендерските цени за лековите кои мислиме дека ќе имаат еден квалитет во однос на конкуренцијата и постои реална можност да добиеме пониски цени и да имаме поголема заштита оти се знае дека сумата за лекови која ја издвојува Фондот за здравствено осигурување за секторот здравство е некаде 50 милиони евра.

Но, за тендерите за помошни лековити средства и медицински помагала веќе течат, некои фази се веќе завршени, но тоа е процес кој не може одеднаш сите тендери да се отворат, тоа оди постепено, имаме некои завршени постапки и избрани најповолни понудувачи. Има формирано посебна комисија во Фондот за здравствено осигурување која работи и се подготвува и на база на овие информации се подготвуваат тендерските цени на лекови, се прави подготовка на тие фази. Значи, набргу ќе биде отворен тендерот за лекови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот Гештаковски е задоволен од одговорот?

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Да, задоволен сум од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашање поставува пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, колеги пратеници, претставници на Владата,

Јас имам три прашања, но не ги гледам претставниците на кого ќе се однесуваат, верувам дека во текот на прашањата ќе влезат.

Првото прашање е до Министерството за финансии, лично би сакал да беше туа господинот министер за да тој ми одговори на тоа прашање, се надевам дека веќе не е реконструиран, па можеше да дојде на оваа седница и се надевам дека нема да биде ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам без вакви илузии, навистина не е умесно.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, прашањето ќе го доставам до заменикот министер. Сега незнам колку ќе ми одговори, затоа поставив такво прашање, односно ќе се потрудам.

На 28 февруари 2002 година Тутунскиот комбинат “Нико Доага” - Крушево направи договор со една фирма од Грција која се вика “Телдек - Традинг” со кој договор беше регулирано дека во текот на 12-те месеци, од денот на склучувањето на договорот, ќе биде извршена продажба односно купување на тутунот кој го имаше “Нико Доага” во залиха во износ од 2.500 тони, за што беше склучен договор. Со тој договор беа врзани договорените странки со одредени порачки порачуваат во текот на тие 12 месеци да се врши испораката на тутунот и по 15 дена од денот од кога е тутунот испорачан да биде исплатен. Такви порачки беа стасани на 11.12.2002 година и тоа за количина од 1.500 тони тутун. Мора да напоменам дека во договорот беа прецизирани и количините и цените и типовите на тутун кои купувачот ги бараше и кои самиот производител ги има. Меѓутоа, што се случува? На јавноста и е познато, се случуа штрајк во тој комбинат така што раководството на тој комбинат не беше во можност да го исполни тој договор, тие штрајкувачи се обратија со писмо до

Бирото за стокови резерви со барање да се стопира продажбата на тутунот при што Бирото за стокови резерви со еден допис или решение од господинот Петар Мирчески носи решение со кое издава наредба тутунот да не се продава.

Заради таквите работи, заради таквото решение и ден денеска тој тутун стои како непродаден во залихите во Бирото за стокови резерви како негов сопственик.

Мора да напоменам дека за целата работа постоеја гаранции издадени од Комерцијална банка за кредит кој требаше да биде префрлен во Министерството за финансии и морам да напоменам доколку се реализираше ваквата работа, пред да стаса гаранцијата ќе немаше потреба од реализација на гаранцијата и кредитот на време ќе беше вратен.

Значи, заради ваквата работа, заради решението на Бирото за стокови резерви денеска тој комбинат очигледно трпи штета и таа штета во слободна проценка изнесува околу 150 милиони денари.

Прашањето до Министерството за финансии би било кој всушност ќе ја надомести оваа штета и дали Министерството за финансии, бидејќи Бирото за стокови резерви е во негов ресор размислуваше и го имаше во предвид сето ова за кое имам добиено информација дека лично господинот заменик бил запознан и министерот исто така, ги имале во предвид сите овие работи и останува она кој сега ќе ги надомести овие штети иштo со тутунот кој е сеуште во залиха. Тоа е првото прашање.

Второто прашање, потпретседателке, јас имам прашање до Владата, но незнам кој е претставник на Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Владата ќе ја претставува господинот Бучковски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Второто прашање е до Владата, а прашањето се однесува на следното.

Во изминатите две недели сме сведоци особено од средствата за јавно информирање кои како топ тема, актуелна тема ни ја сервираат она што се случува во државата, односно во Тетово и особено она континуирано, агресивно настапување на одредени членови на коалициониот партнер на СДСМ поточно на ДУИ преку нивни така да речам агресивни кадри како што е пример со директорот на Медицинскиот центар во Тетово Шенаси Гафури кој во овие две недели излезе со две изјави кои морам да ви ги кажам за да има поврзаност со прашањето.

Првата негова изјава беше дека во Медицинскиот центар во Тетово се формира во склоп со нелегалниот универзитет во Мала Речица се формира медицински факултет користејќи ја опремата на постоечкиот Медицински центар во Тетово, користејќи го и просторот на истиот центар како и Гинеколошко акушерската болница во Чаир. Сите сме сведоци дека едновремено на таа болница беше ставен напис кој стоеше со зборовите Универзитетска клиничка болница - Чаир.

Ваквите изјави доаѓаат од човек кој е поставен од гарнитурата која владее и која во никој случај не можат да бидат изјави од типот на она дали е тоа во согласност со законот или не, но очигледно е дека не е во согласност со законот.

Втората изјава одеше во правец дека во истиот тој медицински центар ќе биде формиран и отворен кардио-хируршки клинички центарт односно кардиохирургија. Дали на тој господин му е јасно или не, не би го прашал него, туку би го прашал претставникот на Владата.

Дали на Владата и е јасно дека прво, ваквите изјави доаѓаат од нивен коалиционен партнер.

Второ, сите овие изјави се спротивни на законските регулативи. Само да напоменам дека отворање на вакви центри може да биде во согласност само со одлука на Собранието, бидејќи Собранието е основач на таквите центри, а не некој друг.

Трето, доколку на дотичниот господин му се сака кардиохирургија во Тетово тој може да формира приватен центар.

Прашањето е, со оглед на тоа што во стилот на оваа Влада едновремено некогаш приватните забави станаа денеска реалност, дали во она размислување на легализација на тетовскиот универзитет оваа Влада планира ваквите институции да ги вклопи во рамките на тој универзитет. Само сакам да нагласам дека ова е во спротивност со Рамковниот договор, значи нема никаква врска со него.

Третото прашање е до господинот министер за внатрешни работи Хари Костов. Се надевам потпретседателке дека нема да ме прекинете во прашањето затоа што нема да биде долго, а мислам дека има логика во тоа што ќе го прашам. Господинот министер Хари Костов во многу изјави, мора да кажам дека се контрадикторни една со друга, ја убедуваше јавноста и нас овде како пратеници дека на одредени команданти, на одредени организации терористички или криминални незнам како командантите Чакала и Бреза ќе бидат сместени во Шутка со изјави кои беа стално различни за време од месец дена, па за време од два месеци, па откако

ќе се вратам од боледување, па откако ќе се вратам од годишен одмор за на крајот бидете стрпливи еден ден сигурно ќе ги уапсам.

Зошто го поставувам прашањето. Сакале или не ние сме денеска сведоци дека наголемо се најавува реконструкција на Владата. Јас лично се надевам дека господинот Хари Костов ќе го задржи овој ресор, но сепак ни удоволи нам, а и на јавноста, поточно го исполни ветувањето овие два господа ги стави во Шутка каде подолго време им е резервирано местото. Инаку, верувајте дека нема смисла сето она што самиот господин најавуваше.

Значи, господине Хари Костов до кога ќе чекаме да ги апсите Чакала и Бреза, дали до реконструкцијата тоа ќе го остварите за да не ни се случи евентуално да бидете реконструирани.

Друго, дали воопшто вие како министер и Министерството за внатрешни работи знаете каде се дотичните двајца, дали се достапни или не се, дали имаме било какви сознанија во врска со овие луѓе за да знаеме кога ќе ги изнесеме пред судот на правдата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со одговор на прашањата. Првото прашање беше до Министерството за финансии на кое ќе одговори заменик министерот, господинот Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Господинот Караџоски што го постави прашањето за Тутунскиот комбинат “Нико Доага” - Крушево ми е доста познато прашање и проблематично со оваа организација, меѓутоа, јас би го замолил на почетокот со неговите претпоставки како би било, кога би било, нека биде трпелив, во оваа сала ќе има и информација и тој прв ќе ја знае така што не е упатна една таква претпоставка од негова страна дали ќе биде министерот Гошев реконструиран или не, не е прашање на оваа седница на Собрание.

“Нико Доага” како фирма е една од поголемите должници на Министерството за финансии. Знаат и вработените, знаеме и ние во Министерството за финансии, знаат и во Бирото за стокови резерви како и што е извршувано од 1998 година до ланската година со откупот на тутунот. Некаде 523 милиони денари должи фирмата на Министерството за финансии. Што е направено како трансакции околу приватизацијата на таа фирма е посебно прашање и тука не е расчистено, но знам

дека таа фирма должи спрема Министерството за финансии и не може да стане збор дека таа фирма на база на вакви долгувања и на база туѓ тутун може тој тутун да го продава надвор за да понатаму и ние застанеме зад тоа дека таа ќе претрпи штети. Колку пати тој тутун заложен и по кои класи е разврстуван и разигруван, па да го продава, да го извезува и да расчистува со Министерството за финансии дури и да предизвика штети од прилика 150 милиони, како што ги кажа господинот пратеник.

Не станува збор господине Караџоски за таква работа, станува збор за голема обврска и не само "Нико Доага", туку и другите тутунски комбинати пари по гаранции паднати кај банки кои сеуште треба да се намират.

Според тоа, ние нема да предизвикаме никаква штета, менаџментот треба да си ја преземе работата, да си ги расчисти работите во фирмата, имаме правено попис неколку пати, таму има и недостаток на тутун од државните резерви и од залогата која што ја има.

Исто така имам информација дека Агенцијата за обнова и развој има побарување наспроти "Нико Доага". Има спор. Се сретнавме и со тој податок само незнам точно колкав, ако сакате писмена информација ќе ви дадеме комплетно цела историја како се движеле обврските на оваа фирма спрема државата.

Според тоа, не станува збор дека ние би предизвикале штета, не станува збор дека ние задржуваме некој субјект да работи со своите средства, но тоа што припаѓа на државата, тоа што е од државата за кое државата издала гаранции не може стопанскиот субјект да го продава по неколку пати и сега да се јавува во улога на добротвор дека чини напори, нашле пазар, ќе го продадат, па ќе ни ги вратат парите. Тоа не поминува, она што е од државата и она што е од Бирото за стокови резерви тоа е од Бирото за стокови резерви и ние имаме реализирано таков тутун од 1998 година на два меѓународни тендери, продаден е тутунот и дури постои опасност со тоа што се правени такви манипулации со тутунот да има и недостиг од тутун, па да бараме соодветни количини да ги задоволиме договорите со партнерите кои се јавиле на меѓународниот тендер на кој е продаден тутунот.

Не знам дали пратеникот ќе биде задоволен, меѓутоа треба да ја знае бројката дека 500 милиони денари должи "Нико Доага" како фирма дека треба да се расчистува таа сума на пари и дека многу такви манипулации се служат за да докажат дека ете, тие ќе го продадат тутунот и тие ќе ги измират обврските. Не е точно, се манипулира со една количина на тутун, на повеќе наврати за да дојдеме до

една заблуда што не би паднале сигурно во тоа, бидејќи знаеме точно колку од нив побаруваме пари.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот Жарко Караџоски е задоволен од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас само би се надоврзал на она што г. Кокароски го констатира, мислам мора да расчистиме една работа. Јас не прашав воопшто дали господинот Гошев ќе биде реконструиран. Јас само констатирав дека не е во салата и дали тоа не значи дека веќе е реконструиран. Значи, има разлика. Инаку јас лично, искрено да кажам и не сакам биде реконструиран.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Караџоски уште еднаш ако спомнете било чија реконструкција, ќе ви го одземам зборот. Навистина е претерано.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сега спомнува и заменикот министер, сега мора да одговарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен од одговорот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Во однос на тоа јас би побарал доколку може заменик министерот да ми достави една писмена информација за сето ова што го кажа, или писмен одговор на прашањето.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Мислам ова е сиот одговор што можам да го дадам. Обврската е таа, на “Нико Доага” спрема државата. Тоа што има обврска спрема банки, нека си ги чисти спрема банките. Меѓутоа, државата не предизвикала со ниедно дејствие штета по однос на работењето на “Нико Доага” за да има неплатени камати од 150 милиони денари, воопшто не предизвикала. Тоа што го има и “Нико Доага” има обврска, она што е стационирано кај неа на чување како стока од Бирото за стокови резерви има

посебен договор, има посебни процедури како тој тутун да се чува. Јас немам друг одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше поставено до Владата. Ќе одговори господинот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Зад амбициозните проекти на дотичниот директор на Медицинскиот центар во Тетово не стои Владата, не стојат ни дел од коалиционите партнери во Владата. Така што Владата нема намера овие амбициозни проекти да ги вклопи во легализацијата на Тетовскиот универзитет како што рече господинот Караџоски, бидејќи на едно од претходните прашања одговарајќи заменикот министер за образование спомена дека јадрото на новиот Тетовски универзитет во оние пет факултети кои се пред одборот за акредитација, не постои медицински факултет. Така што може само да се сложам дека во овој момент е само приватна забава на дотичниот директор сето она што како информации ги даваше пред средствата за јавно информирање. Инаку вистина е дека во рамките на Медицинскиот центар во Тетово со уредна градежна дозвола врз основа на донации собрани од граѓаните се гради објект кој во овој момент нема никакви одобренија и дозволи од било кој од надлежните органи во Република Македонија, или било какви дозволи да прерасне во било каков универзитетски клинички центар, или нешто слично на тоа.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Бучковски тој амбициозен господин со амбициозните проекти во последната изјава кажа дека кога да е тоа ќе биде, според него.

Сега би поставил само како дополнително прашање. Ако веќе вакви амбициозни господа поставувате како Влада на одговорни места барем ќе биде ли разрешен од тоа место?

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Ќе му оставам да одговори ако дозволи пратеникот Караџоски, на министерот за здравство, бидејќи тој е надлежниот министер за разрешување на директорите на клинички центри врз основа на предлогот кој го дава лекарскиот совет. Затоа ќе одговори г. Реџеп Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Ние како Министерство ги анализираме сите активности и достигнувања на секој раководител на здравствени институции во državава. Врз база на нашите ставови и одлуки кога ќе ги процениме сите активности, достигнувања и резултати на сите менаџери на овие здравствени установи, ќе донесеме после и одлука кој од овие менаџери не ги исполнува нашите очекувања. Па во овој контекст ќе одлучиме и за конкретниот случај.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше поставено до министерот за внатрешни работи Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Очигледно пратениците од таа страна денеска ја згрешија темава, не е реконструкцијата на Владата и најверојатно во соодветно време премиерот како надлежен ќе си дојде со свој предлог. Јас не навлегувам во тоа каква оценка премиерот и какви предлози ќе има. Единствено само дали јас ќе останам на ова место, или дали некој друг ќе биде, беше поставено прашањето од страна на пратеникот Караџоски, лицата ќе бидат фатени и ќе одговараат пред надлежните судови. Тука не треба да се прави дилемата дали се достапни, или недостапни. Да беа достапни досега ќе беа фатени и предадени. Значи, се движат сигурно и во некои други региони, меѓутоа мислам дека тоа сепак е оперативна работа на Министерството и на други институции за кои што не би биле во можност овде пред Собранието јавно да ги кажуваме.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Немам дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со поставување прашања.

Има збор господинот Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани министри, имам три прашања.

Првото прашање, бидејќи повеќе субјекти се огласија за неовластени, поставувам прашање до Владата на Република Македонија. Во Република Македонија во изминатиот период изградени се голем број објекти на фирми и претпријатија на државно земјиште за кое и на кое не постоеле детални урбанистички планови, или поинаку речено, тоа биле диви градби. Поголем број од нив во последно време се најдоа во стечај и стечајните управници делови од нив, или цели фирми во редовна постапка ги продале на одредени лица кои сега се носители на приватни фирми. Истите најнормално си ги исплатиле средствата спрема државата, односно ги купиле. Бидејќи таквите објекти биле претходно изградени како диви објекти, новите газди сега не се во состојба да ги воведат во свое владение ниту објектите што ги купиле, ниту земјиштето на кое се тие изградени. Добар дел од ваквите објекти во последно време се вклопени во новите детални урбанистички планови како маркици, но и понатаму не им се дозволува да извршат трансформација на владението со што се сметаат за изиграни. Исто така, стечајните управници во постапка предвиделе објекти и продавале објекти за кои покасно се појавиле претходните сопственици со што е создаден проблем околу натамошното владение на тие објекти.

Поставувам прашање до Владата на Република Македонија.

Која е постапката за разрешување на вака создадените проблеми и како новите газди можат да ги разрешат проблемите, а да не влезат во долгите и мачни судски процеси и дали било можно во стечајна постапка да се продаваат ваков вид на објекти? Тоа е првото прашање.

Второто прашање го поставувам до министерот за здравство. Често сме сведоци на немили, би рекол дури и морбидни појави во примената на здравствената заштита и лечењето на граѓаните. Присутни се случаи кога одредени пациенти се чувствуваат оштетени од неправилно поставена дијагноза, од неправилна, или погрешна примена на терапија, од грешки во дозирање, или погрешно применети лекарства, или подолго чекање кај одредени интервенции, па дури до крајно лоши административни процедури. Од вакви недоследности, или други грешки често биле доведувани во прашање и животите на одредени пациенти.

Поставувам прашање до министерот за здравство, дали за вакви случаи постојат позитивни нормативно - правни средства за заштита на пациентите, или ако не постојат, дали се предвидува да се преземе нешто што би имало

законска, или етичка основа за заштита на граѓаните пациенти со која би ја избегнале народната: “грешките на лекарите ги покрива земјата”.

И третото прашање, сосема накратко, до министерот за транспорт и врски. Во која фаза е постапката на заобиколниот пат околу Скопје - север и колку се земени во предвид забелешките и реагирањата на граѓаните од населбата Волково и околните села во општината Ѓорче Петров?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до Владата на Република Македонија. Ќе одговори Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Ќе доставиме писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше упатено до министерот за здравство, Реџеп Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Прашањето што беше поставено од пратеникот, дали постојат нормативно-правни механизми и етички механизми да се спречат, или да се казнуваат недоследностите што беа спомнати при давањето на здравствените услуги на здравствените работници во здравствените институции. Секако дека такви механизми постојат и таму каде што се детектираат таквите недоследности се преземаат чекори за да се елиминираат таквите појави. Конкретно за тие недоследности има и дисциплински комисии при здравствените установи кога се утврдуваат такви лоши работи да кажеме во здравството и се преземаат и конкретни чекори како што имавме како пример можеме да го кажеме во Клиничкиот центар во последните денови во врска со индиции дека имало злоупотреба на професијата и работното место на еден лекар стручњак и преземени се тие чекори и активности не само за него да биде како казна, туку тоа да биде сигнал за сите други дека толеранција за злоупотреба на професијата, на работното место нема да дозволиме. А и од етичкиот момент што беше секако и такви механизми постојат. Знаеме дека Лекарската комора во склоп на нејзините механизми, органи и институции има и етички комитет каде се разгледуваат и се превземаат и мерки и

од етичка страна во врска со лиценците за работа итн, кога се детектираат и се утврдуваат такви недоследности при работењето во здравствениот сектор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен од одговорот?

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На третото прашање ќе одговори Милаим Ајдини, министер за транспорт и врски.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Во врска со обиколницата околу Скопје, ние ја имаме комплет финансиската конструкција, значи финансиските средства се обезбедени. Така што тој проект е поделен во две фази. Првата фаза е во тек, сега се реализира. И втората фаза ќе почне во 2004 година со почетокот на градежната сезона. Како и на некои други места и овде се појавува проблемот на експропријацијата кој проблем секогаш зема време и е мачен за нас, затоа што инсистираме да ја почитуваме законската регулатива. Што се однесува до завршување на тој процес, тој е во тек и верувам дека ќе се реализира во време кога и тоа ќе биде потребно.

Што се однесува до проблемите за кои што реагирало населението на тие села каде што поминува оваа обиколница поделени се средства и се инсистира да се регулираат прашањата што ги потегнаа селаните од тие две села каде што поминува обиколницата. Тука не можеме да одиме на тоа да не се изгради обиколницата, затоа што селаните не го сакаат, туку инсистиравме да најдеме начин да ги задоволиме нивните барања, затоа што беа и конкретни нивните барања. Така што одделени се средства кои мислиме дека ќе бидат доволни за задоволување на барањата на селаните од тие две села.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пратеникот Киро Дојчиновски дали е задоволен од одговорот.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со поставување на прашање од пратеникот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитувани присутни, затоа што во салата е само министерот за внатрешни работи, моето прашање ќе биде упатено до министерот за внатрешни работи. Министерот за внатрешни работи на Република Македонија често пати во своите дискусии во Парламентот и во други јавни изјави пред медиумите во земјава и во своите контакти со странците споменува за имплементацијата на Охридскиот договор во областа на безбедноста и спомнува бројки од 700, 800 и друго, на албанците вработени во ова Министерство. Од овој аспект имам конкретно прашање до него.

Колкав е бројот на албанците вработени во државната безбедност во Македонија, од тие колку имаат раководни места, началници на разни сектори, конкретно колку албанци брои секторот број еден, секторот два, секторот три, четири, пет, шест и секторот седум. И колку албанци работат во регионалните единици за државна безбедност во западна Македонија каде доминира албанското населени. Колку од нив раководат со тие подрачни единици. Колкав е бројот на албанците вработени во крим полицијата и во крим техниката, колку во секторот на финансии, колку во кадровскиот и правниот сектор и во секторот за странци.

Второ прашање колкав е бројот на барањата кои граѓаните ги имаат доставено за државјанство од 15 септември 2002 година досега, колку има позитивни одговори и колку има негативни одговори, користејќи го правото на дискреција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи, едно прашање со повеќе потпрашања до министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Бидејќи имаше повеќе работи околу кои се бараат конкретни бројки и во повеќе сектори, фактички за да не лутаме ќе му одговориме писмено, иако и во денешниот одговор по другото прашање имаше колку е во рамките на она што го

интересира пратеникот околу ДБК, колку во Управата за безбедност и контраразузнавање, колкав е бројот на новопримените и впрочем и сега е постапка за прием на нови 30. Меѓутоа, веднаш да му кажам околу одговорот кој што ќе биде дека ќе ја има состојбата и пред 15 септември и после 15 септември 2002 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со следниот пратеник.

Има збор пратеникот Благородна Мингова Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Благодарам потпретседателке,

Првото прашање го упатувам до Министерството за труд и социјални работи.

Има бројни случаи кои по завршувањето на својот работен век, заради ненаплатени придонеси од страна на нивните фирми, неможат да го остварат правото за пензија. И покрај завршените судски постапки и извршните решенија истите неможат да го обезбедат плаќањето на придонесите, зошто фирмите во кои работеле или ги менуваат своите сметки или заради продажба се трансформирани во нови фирми. Процесот за докажување е доста долг. Некогаш две, три и повеќе години и овие лица всушност имаат недефиниран статус. Нити се вработени, нити се пензионери.

Прашањето е какви се можностите оваа рашомонијада на бројни граѓани кои доаѓаат во канцеларијата за контакт со пратениците во Кисела Вода, да се разреши или какви се размислувањата на Министерството да понуди можности или измени или дополни во Законот да овие проблеми граѓаните ги решат.

Второто прашање го упатувам до Министерството за финансии, тука е заменик министерот. Во случај да неможе да се дадат точни бројки за да може да се добие и писмен одговор, дали Министерството има точна евиденција колку од распишаните огласи за јавни набавки времено се растегнати, заради откажување на фирмите кои победиле на тие тендери, а најчесто заради најповолните понуди кои се базираат на нереално ниските цени, и прашањето го поставувам од две причини.:

Кој ја сноси одговорноста за доцнење во реализацијата на јавната набавка или тендерот;

Дали Министерството за финансии размислува за измени во Законот за јавни набавки со кој би се санкционирале фирмите кои неправедно се откажуваат од реализација на дадената понуда.

Третото прашање ќе го упатам до Министерството за транспорт и врски. Говорам од искуствата во Скопје, особено од општината Кисела Вода, за бројните примери на новоизградени објекти, кои се вон условите дадени во решенијата за градба, како во основа, така и во висина, и ако за некој од нив уште во текот на самата постапка на градбата има издадено решенија за рушење, тие не се испочитувани. Објектите се завршени и дадени во употреба, а нивните станари неможат да добијат имотен лист и да го платат данокот. Со оглед на тоа што и стапката за станови се менува од 01.2004 година, големи се реакциите токму на овие граѓани.

Прашањето е дали Министерството за транспорт и врски има покренато воопшто кривични пријави или казнени мерки кои произлегуваат од работниот однос, против лицата кои издале дозволи за градба а кој не се во согласност со деталните урбанистички планови, против лицата кои требале навремено да ги откриваат овие отстапувања.

И  на крај против самите сторители, односно против фирмите кои свесно отстапиле од условитед за градба.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

На првото прашање заменик министерот за труд и социјална политика. Повелете.

МАКСУД АЛИ:

Во врска со прашањето на пратеничката најдобро е одговорот да го дадеме во писмена форма бидејќи се бараат точни податоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВКА:

На второто прашање ќе одговори заменикот министер за финансии, господинот Кокаровски.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Госпоѓата пратеник и самата рече дека најдобро би било да добие точни податоци, а точни податоци од овој аспект на јавните набавки може да содржи само еден писмен одговор на прашањето.

Сакам да информирам дека ќе следат измени во Законот за јавни набавки, имаме обврска тоа да го направиме и тука ќе бидат вклопени и санкциите за такви постапки за кои што пратеникот зборуваше.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Третото прашање до министерот Ајдини, за транспорт и врски.

Повелете.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

За жал појавата на дивоградбите кај нас е присатна и тоа можда на еден голем број така со оваа проблематика или надлежности на оваа проблематика има Државниот инспекторат кој ја врши својата работа. Пошто во делот на прашањето се бараа информации конкретни, би отишле со писмен одговор за пратеничката.

Благодарам.

Бидејќи тука нема коментар, останува да ги почекаме одговорите.

Сега ја прекинувам седницата и ја продолжуваме во 14,30 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,50 часот).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со поставување пратенички прашања.

Господинот Коце Трајановски, бара збор процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Потпретседателке, јас би сакал процедурално да реагирам, со оглед на тоа што рековме дека ќе продолжиме во 14,30 часот, а сега е 14,50 барем за толку за 20-тина минути да се продолжи седницата како би можеле да ги поставиме и нашите пратенички прашања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Вака, минатиот пат пред паузата 5 минути го пробивме рокот во одговарањето, така што 5 минути се како и сега се компензираше. Меѓутоа, во секој случај ќе гледаме да се усогласиме во согласност со тоа што се договоривме да биде некаде околу 16,00 часот за да можат колегите со муслиманска вероисповест да одат дома.Мислам дека тука треба да бидеме коректни.

(Господинот Трајановски реагира од место.)

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Требаше на време да почнеме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Трајановски, пребројте се, ве молам сите колку души сте во пратеничките групи, ајде да не зборуваме. Се дочекуваме за да може да имаме една пристојна посетеност на седниците.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не е важен кворумот овде.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас сега ве молам, има збор господинот Михајло Георгиевски да ги постави прашањата.

Повелете.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани господа пратеници, членови на Владата,

Првото прашање е за министерот за внатрешни работи а гласи:

Акцијата за доброволно предавање на нелегалното оружје ја оценувам како полезна и целосно ја поддржувам. Околу нејзиното успешно завршување изразувам извесна резерва. Не сум сигурен дека оние што го набавиле оружјето со големи пари и силни мотиви сега со неколку ласкави зборови, лотарија, спотови и слично така лесно ќе се одделат од него, што многу од нив веќе го употребиле, а има и такви што мислат дека во иднина да го употребат за постигнување на одредени политички, терористички или други цели.

Прашањето гласи - “Што ќе преземате за оние што нема доброволно со оваа акција да го предадат нелегалното оружје”.

Второто прашање е до министерот за надворешни работи.

Од средствата за јавно информирање дознав дека во Извештајот на Европската Унија за положбата на националните малцинства, македонското национaлн малцинство во соседните земји е избришано, т.е. не е прикажано или пак во друг случај членка на Европската Унија, поточно Велика Британија преку својата амбасада во Тирана отвори финансов проект за асимилација на македончињата од предшколска возраст во областа Гора преку наметнување на изучување на албанскиот јазик. Прашањето гласи: - “Што презедовте да не дојде до оваа како би се рекло тенденциозно изоставање на македонското национално малцинство и што мислите да направите во иднина да се исправи оваа голема неправда. И потпрашањето. Во врска со вториот случај - Што ќе преземате за зачувување на мајчиниот македонски јазик и бит, кај населението од областа Гора”.

Третото прашање се однесува за министерот за образование и наука.

Информиран сум дека на државните празници и другите свечености како патронски празници на училиштата во кој доминира етничкото албанско население не се истакнува македонско државно знаме, туку знамето на Република Албанија, со што се добива впечаток дека овие училишта не се отворени и финансирани од државата Република Македонија, туку од друга држава чие знаме се вее во дотичните училишта. Впрочем сите видовме како на зградата на Тутунскиот комбинат во Тетово каде што насилно влегоа студентите и професорите од нелегалниот тетовски универзите за кои се залагате да се легализира од македонската држава се вее знамето на Република Албанија.

Прашањето гласи: “Какви мерки ќе преземете за одделни директори што не го истакнуваат државното македонско знаме во своите училишта и дали во краен случај би ги прекинале државните финансии за непослушните директори, наставници или слично и дали ќе се залагаат и понатаму за легализирање на тетовскиот универзитет под сегашното истакнато знаме на Република Албанија и насилното влегување во просториите на Тутунскиот комбинат”.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

На првото прашање одговара министерот за внатрешни работи господинот Костов.

Повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Вака да потсетам дека токму ова Собрание фактички донесе три закони, било да е нов закон или преку измени и дополнувања на некои постојни закони кои на некој начин претставуваат еден пакет околу намалувањето на нелегалното оруж је, процес на легализирање на она оружје што може да се легализира и за оние лица кои ги исполнуваат условите и околу носењето и поседувањето на оружјето. Едниот од законот е токму Законот за доброволно предавање на оружјето, на нелегалното оружје на легализација, значи на она оружје кое што може да се легализира и за оние кои ги исполнуваат законските услови. Вториот закон се измените во кривичниот закон, кои зборуваат токму околу казнените мерки за нелегално поседување на оружје и за нелегален промет со оружје во помали или поголеми количини и во кој, само да потсетам дека минималната казна затвор за такви поголеми продажби на оружје веќе е подигната на минимум 5 години до 10 години затвор. И третото се измените во Законот за поседување и носење на оружјето во

кое што фактички веќе со дефинирање на она што претставува јавно место, во широка дефиниција на јавното место никој сем овластените припадници на полицијата и на армијата во иднина на јавно место нема да можат да носат било нелегално, а уште повеќе значи и легално оружје, односно нивните дозволи се претвараат само за дозволи  во кои што може да го поседуваат на она што не претставува јавно место.

Законот за доброволно предавање и самиот закон збори, значи во оваа акција која што фактички почнува од сабота претставува доброволно предавање на оружјето. Меѓутоа, таа акција завршува на 15 декември, повеќе пати кажавме дека во Република Македонија друга таква акција нема да се спроведува. Тоа значи дека во наредниот ден припадниците на Министерството за внатрешни работи доследно ќе ги спроведуваат измените во Кривичниот закон, измените во законот за поседување и носење на оружје. Односно тоа значи, дека од 16 декември тогаш може да имаме дури поплаки дека на некој начин Македонија ќе заличи малку и на полициска држава и ќе заличи во определени елементи. Меѓутоа, тогаш уште од сега и за јавноста еве и за пратениците кои што прашуваат сакам да ви кажам дека никој значи сем армијата и полицијата нема да има право во ресторан, на фудбалски натпревар, на стадион и тн., да носи оружје, дури и такво оружје со кое што има легално издадена дозвола. Според тоа од тој период ќе почнат активности на Министерството за внатрешни работи, за проверки на сите такви јавни места било кој да носи оружје. И исто така, сегде каде што имаме основно сомневање дека се работи за некое количество на оружје кое што не е предадено со соодветен судски налог припадниците на Министерството за внатрешни работи ќе влегуваат во такви места за каде што сметаме дека има такво непредадено оружје. Инаку, само како податок да ви кажам дека од 1 ноември минатата година до сега во разни активности дури почнувајќи од она што се однесува контрола на сообраќајот, па контроли во ресторани и тн., досега во Министерството за внатрешни работи се одземени повеќе од 1100 парчиња оружје било во најголем дел, што значи нелегално поседување на оружје, а дури и некаде каде што постоеле дозволи, меѓутоа било нелегалната употреба на самото оружје. Значи повеќе од 1100 парчиња различни видови оружје се веќе од 1 ноември наваму одземени од населението.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Дали пратеникот Георгиевски е задоволен?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Мислам дека добро што го поставив ова прашање. Министерот добро одговори дека ќе се превземат ригорозни мерки, но тоа треба да се нагласи на луѓето, да се каже во таа акција дека оние што нема да го предадат 5 до 10 години затвор и ред други. Но, тоа да важи за оние во Липково, во Арачиново, за сите тие да важи. Да не биде ограничено само на некои по други терени. Да се нагласи во кампањата за собирање дека оние кои нема да го предадат ќе им се случи тоа и тоа. Ќе има рации, ќе има акции, такви моменти каде што насилно ќе им биде земано и со големи казни.

Благодарам на министерот што така кажа дека тоа треба да се прифати и дека треба да се нагласи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, мислам дека се е јасно, во ред.

Одиме понатаму.

Второто прашање беше упатено до Министерството за надворешни работи. Меѓутоа, немаме претставник, прашањето ќе биде доставено до Министерството и писмено ќе се одговори.

Третото прашање беше упатено до Министерството за образование.

Има збор заменикот на министерот господин Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Прашањето за употреба на јавното знаме на јавни објекти е прашање регулирано со закон. Постојат проблеми околу имплементација на тие обврски за истакнување на државното знаме на јавните објекти. Можеби не бил исклучок на истакнување на знамето на училиштата. Во овој момент навистина не располагам со таскви информации дека такво нешто се случило. Пратеникот треба конкретно да каже за кои случаи станало збор на кои места. Информацијата ќе ја провериме и соодветно со закон ќе им се наложи на директорите дека е потребно да се истакнуваат државните знамиња на јавните објекти, меѓу кои што се и училиштата. Значи, спаѓаат во категорија на објекти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Георгиевски дали сте задоволен?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Нека прошета малку министерот по Липковско, по Тетовско каде што нема контрола на теренот, па ќе види дека нема училиште на чии ѕидови не пишува УЧК и

не се вее албанското знаме, на Република Албанија, што е соодветно и со овдешното, на албанска политичка партија. Тоа не е тешко. Нека провери, во секое училиште. Ако најде на едно училиште истакнато македонско знаме, тогаш јас ќе се извинам. Таму не владее правна држава. Затоа, нека провери, нека прошета, тоа не е така тешка работа. Дури се знае дека во Арачиново рекоа, на општината е истакнато албанско знаме, рекоа - дојдете, симнете го вие, ќе има проблеми. А да не зборувам за училиште. Тоа не е ни спорно. Нема училиште во Западна Македонија каде доминира албанското национално малцинство а да е истакнато македонско знаме. Тоа е докажано и може потврди колку и да сакаш. Тоа може и да се потврди. Треба да се превземат ригорозни мерки, дали тие мерки ќе се преземат, бидејќи државата Република Македонија ги финансира, а тие истакнуваат друго знаме. Дали ќе бидат одземени финансиските средства од тие директори кои тоа го прават? Тоа е прашањето. Ако тоа го прифаќате вие да бидат нефинансирани од македонската држава, оние кои не ја признаваат македонската држава, тогаш едноставно прашањето е веќе решено. Тоа е работата.

Значи, предлагам да поминете, да видите и да го решите тоа. Немојте под капа на македонската држава, финансирање од македонската држава да се истакнува друго знаме.

Тоа е, благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Има збор господинот Абдулаќим Адеми, кој ќе постави три прашања.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам.

Првото прашање е до министерот за труд и социјална политика.

Покрај другите проблеми со кои се соочуваат земјите во транзиција, се и невработеноста и заедно со тоа и сиромаштијата. Секоја власт од овие земји што се соочува со овие предизвици подготвува програми за да се решат истите проблеми. Во некои земји овие програми се именуваат како стратегија за намалување на сиромаштијата, а во повеќето случаеви имаме стретегии за намалување на сиромаштијата што се спомнуваст во парламентот. Да спомнам некои од нив, како Албанија каде таа се вика Стратегија за национален развој, во Србија и Црна Гора како и Босна и Херцеговина оваа стратегија е во финална фаза и се очекува да се усвои во соодветните парламенти.

Од друга страна и многу други меѓународни организации имаат свои програми за намалување на сиромаштијата и нудат програми за други земји, за подготовка на стратегија за намалување на сиромаштијата.

Кај нас во Македонија постоеше еден Комитет за изготвување на стратегија за намалување на сиромаштијата и во август 2002 година Владата усвои Национална стратегија за намалување на сиромаштијата. Во овој документ се предвидени многу активности и рокови за реализирање на истите.

Прашањето е, колку се спроведува оваа програма и до колку не се спроведува поради некој недостаток во самата стратегија, дали како Министерство односно како Влада мислите да преземете некоја активност за измена и дополнување на оваа стратегија, со цел да се усогласи со стратегиите на земјите од Југоисточна Европа кои имаат усвоено такви програми.

Второто прашање е до министерот за финансии.

Во текот на конфликтот во Косово, многу жители од Косово требаше да ги остават своите огништа и да најдат згрижување во соседните земји. Еден број најдоа згрижување во Македонија сместени во кампови, а еден голем број во семејства, воглавно албански семејства.

За да и помогнат на земјата и на граѓаните неколку земји од ЕУ и подарија на Владата финансиска помош. Меѓутоа уште во тоа време имаше гласини дека оваа помош се злоупотребува. Сведоци сме дека после неколку години, сега во последно време до Министерството за финансии има едно барање за околу 800 илјади долари што треба да се вратат на земјит екои ги имаат подарено овие средства, затоа што овие средства се злоупотребени, или се употребени за други намени, како во Министерството за образование, во Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и т.н.

Прашањето ми е дали ќе ги вратите овие средства и колку ова ќе влијае на Буџетот на Република Македонија и дали ќе отпочнат истрагите против оние кои ги имаат злоупотребено овие финансиски средства.

Третото прашање до министерот за заштита на животната средина.

Еден од проблемите со кои се соочува општина Тетово и општина Гостивар е недостаток на една депонија за собирање и обработка на сметот.

Се знае дека пред неколку месеци состојбата, посебно во општина Тетово, од овој аспект беше многу алармантна. Таа ниту малку не е подобра и во општина Гостивар. Сето ова е како последица на недостаток на една депонија. Ако оваа

состојба продолжи и за еден извесен период постои опасност за една еколошка катастрофа што му се заканува на овој регион со околу 400 илјади жители.

Прашањето е, што планирате вие како Министерство за решавање на овој регионален проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со одговорите на прашањата.

Прв одговара министерот за труд и социјална политика.

МАКСУД АЛИ:

Невработеноста во Македонија не е од подолг период. Еден подолг период на време, најмалку 10-12 години имаме една нагорна скала на невработеност. Но, факт е тоа дека во последниот период од година дена навистина немаме драстично зголемување на бројката на невработени. Факт е  дека овие 10 илјади новоневработени се од последната година, но другите 374 иљади се од постариот период. Во последните 4 години период од претходната Влада имавме 250 иљади невработени па стигна до бројката 274 иљади. Нормално, со невработеноста доаѓа и таа сиромаштија.

Кај нас досега беше практика најголема стафка  од овие социјални случаи да примаат социјална парична помош. Со новата политика на Министерството веќе се оди на тоа да се ослободиме од овие високи стафки на социјална парична помош и со тие средства  што ќе се заштедат по овој основ, се планира да се пуштат во проекти. Вистина е и тоа дека во последно време во соработка со нашето Министерство сите тие проекти се донирани од странски држави. Затоа преку ноќ ништо не се решава. Верувам дека во наредниот период , почнувајки од наредната година нашето Министерство поактивно ќе учествува барем со тие остатоци од средствата што планираме да ги имаме во нашето Министерство. Факт е и тоа дека од 82 иљади корисници на социјална парична помош ние наследивме од претходната Влада. Таа бројка денес е околу 63 иљади.   Затоа имаме веќе простор во наредниот период со овие средства да преминуваме на тие активни работи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Адеми дали сте задоволен од одговорот.

АБДУЛАЌИ АДЕМИ:

Моето прашање е многу јасно. Јас имам предвид дека ова е  еден комплексен проблем и не може да се реши во текот на една ноќ. Затоа треба да постои една стратегија.

Моето прашање е дали постои стратегија за намалувањето на сиромаштијата , така како што ја имаат изготвено други земји.

МАКСУД АЛИ:

Нашето министерство поактивно ќе учествува во спроведувањето на стратегијата и со нови мерки.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Има збор заменик министерот за финансии.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Би кажал нешто во прилог на прашањето кое го постави пратеикот, во делот на одговорот што го даде министерот.

Стратегија за намалување на сиромаштијата, како документ, имаме и ја промовиравме минатата година. Сметавме дека она што е сработено само треба да се надополнува во од. Таа стратегија постои.

Оваа година имавме двајца експерти од Холандија и во Министерството за финансии и во инистерството за труд и социјална политика. Имавме интерна презентација на мерките и активностите кои ги предлагаат експертите во дополнување на стратегијата. Тоа значи продолжуваме да работиме. Ќе одиме сега на една јавна презентација на тој дел од стратегијата, а тоа значи дека дел од тие мерки и активности ќе бидат вградени во макроекономската политика за 2004 година кога ќе биде носена макроекономската политика и целиот пакет на мерки за економската политика во наредната година. Значи имаме документ, имаме дополнување на документот со негово квалитативно подобрување. Така што исто така тоа е прашање што го работиме заедо со Светска банка. Она што е и последната средба и годишното собрание на Светска банка и ММФ, основно и клучно прашање беше намалување на невработеноста односно зголемување на вработеноста и намаување на сиромаштијата. Тоа е еден голбален проблем во кој и ние партиципираме во разрешувањето со мерки и активности во Република Македонија заедно со Светска банка и експертите од Европската акгенција за реконстукција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Со оглед на тоа што првото прашање е целосно елаборирано, јас би го замолила заменик министерот за финансии да одговори на второто прашање што беше поставено од пратеникот.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Само незнам дали господинот пратеник е задоволен од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тој веќе еднаш се изјасни, кажа дополнително прашање и ние дополнително одговоривме.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Што се однесува до второто прашање, конфликтот од 1999 година и бегалците и доделената финансиска помош, стигната е информација од ЕУ за некаде од прилика 792 или 800 иљади долари, сума која се смета дека е злоупотребена. Меѓутоа ЕУ ќе направи една ревизија и Владата сака уште еднаш да направи ревизија за употребата на средствата донирани за таа намена за време на конфликтот во Косово во 1999 година и до колку констатира дека има злоупотреба, ќе бидат преземени конкретни активности. Таму каде што е направена злоупотребата треба да се идентификува и до колку е злоупотреба, таа сума државата Македонија таа сума треба да ја плати. Ќе има фискална импликација. Министерството за финансии треба да ги исплати тие 800 иљади долари на Европската комисија.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот Адеми е задоволен.

АБДУЛАЌИ АДЕМИ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со третото прашање упатено до Министерството за животна средина.

Има збор заменик министерот за животна средина Драгољуб Матовски.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Што се однесува до проблемот околу депонијата во Тетово и Тетовско и функционирањето поточно регулирањето на отпадот, навистина беше едно горливо прашање и сеуште е, но се прават напори за негово разрешување.

Нека не ми биде замерено ако кажам неколку реченици мимо прашањето, бидејки се работи за еден проблем на државно ниво.

Во процедура е токму законот за регулирање на отпадот и во едно изготвување на  национална стратегија за управување со отпадот.

Што се однесвуа до конкретниот проблем во општина Тетово, а можам да кажам и сите општини кои гравитираат во Полог, поточно старата Тетовска општина, проблемот со депониите ова лето навистина колуминираше затоа што знаете дека во летните месеци имаше дури и палење на една времена дива депонија, лоциран акај железничката станица поточно Депото. За надминување на овој проблем, и

покрај тоа што пред се е комунален проблем, Министерството за животна средина презеде активности со тоа што во разговорите со локалните власти, поготово со комуналното претпријатие и градоначалникот на општина Тетово беше договорено, дел од средствата за санирање на оваа депонија да ги подмири и Министерството , што се совпадна со акцијата на разрешување на диви депонии. Така да овој проблем времено беше надминат и е надминат. Но точно е тоа што пратеникот нагласува дке аовој проблем мора да се решава пошироко, бидејки само дневниот смет кој се собира во општина Тетово, поточно во Градот некаде е над 60 теони, а во целата општина сигурно се зголемува и дупло. Токму затоа беа преземени активности со претставниците на општина Гостивар, Тетово и општина Брвеница, бидејки во атоарот на општина Брвеница постои исклучително едно добро место каде што може да се лоцира времена депонија. Така што во разговорит екои ги водевме се договоривме да се изјаснат општините, поточно советите на општина Тетово, општина Гостивар и општина Брвеница, за времената депонија, со тоа што општина Долна Брвеница, поточно Советот се согласи со една ваква времена депонија, со тоа што да се изгради патот до депонијата, а воедно депонијата да се направи согласно сите стандарди за нејзино функционирање. Токму затоа во овој момент е изготвувањето на еко елаборатот кој деновиве треба да биде готов и по неговото доставување Министерството ќе помине во една тендерска документација за изведувачи, а воедно Министерството за транспорт и врски делот на патот што треба да се направи некаде во должина од 4 километри, паралелно ќе биде изграден. Така мислиме во овој момент со една ваква активност, со една времена депонија во Долна Брвеница, овој проблем ќе се ублажи и мислиме дека во наредниот период ќе има многу полесна и порелаксирана состојба за решавање на целокупната стратегија за депонирање на отпадот во тетовскито крај, Гостиварско, па и пошироко.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Господине Адеми дали сте задоволен од одговорот.

АБДУЛАЌИ АДЕМИ:

Задоволен сум.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Одиме натаму со поставвуање на прашања.

Збор има господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Моето прашање ќе го упатам до Министерството за внатрешни работи.

Има индиции дека во Република Македонија има масовно прислушкување. Се прислушкуваат бизнисмени , интелектуалци, политичари.

Од пријатели кои се стручни имам информација дека моите фиксни и мобилни телефони во континуитет се прислушкуваат.

Прашањето до министерот Хари Костов е дали министерот Хари Костов има дадено писмена или усна наредба за прислушкување на телефоните на Слободан Даневски, или се прислушкуваат на диво.

ХАРИ КОСТОВ:

Ако може пратеникто само да го лоцира временскиот период за кој прашува, дали е 2000 година 2001, 2002 или сега.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Министерот добро знае за кој период прашувам. Од 15 септември наваму.

ХАРИ КОСТОВ:

Ако е од 15 септември 2002 година, до 1 ноември 2002 година, незнам. Од 1 ноември 2002 година, едно што му гарантирам, второ може утре Комисијата за контрола на работењето на ДБК да влезе во ДБК и да исконтролира, ако не верува на мојот збор, а јас му гарантирам дека ниту има усмена, уште помалку било каква писмена наредба, да се контолираат фиксни мобилни телефони не само на Слободан Даневски туку на било кој пратеник, политичар, бизнисмен , новинар и така натаму. Едно е дали мене ми верува. Второ утре може Комисијата да влезе во ДБК да изврши контрола.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас му верувам а министерто, меѓутоа нека напише он писмен документ, па утре кога ќе треба да го користиме... Нека ми даде во писмена форма. Нека си стои документ. Како што се поднесува кривична пријава. Нека си стои и ова. За секоја сигурност.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Господине Костов дали одите со коментар.

ХАРИ КОСТОВ:

Деловникот за работа на Собранието и Деловникот кој ги регулира пратеничките прашања јасно кажува како се постапува во овој случај. Јас дадов усмен одговор. Пратеникто нека си земе видео-касета или што сака, или нека постави писмено прашање меѓу две седници, ќе му дадеме и писмен одговор. Јас со денешниот одговор на поставеното прашање завршив.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Одиме со следното прашање.

Има збор пратеникот Благоја Гешоски.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Моето прво прашање ќе го упатам до Министерството за труд и социјална политика, а се однесува на следното:

Пред мене стои Службен весник на Република Македонија број 30 од 19 април 2000 година и во него е објавен правилник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или физичкиот разбвој. овој Правилник е донесен од страна на министерот за труд и социјална политика, а во согласност со министрите за образование и здравство.

Со овој Правилник треба да се уредува видот и степенот на пречките во физичкиот или психичкиот развој, стручните профили на членвоите на стручниот орган што дава наод и мислење за оцена на специфичнит епотреби на првостепениот и второстепенито орган за лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, начинот на оценување на специфичнит епотреби и водењето на евиденцијата и установата што ќе дава наод и мислење. Меѓутоа во пракс асе покажува дека овој Правилник ја дели судбината на многу други правилници или закони кои што ги имаме, а не се спроведуваат или не се почитуваат. Со ваквото непочитување на овој Правилник има многу штети кои се рефлектираат и на граѓанит еодносно на оние кои треба да бидат подложени на категоризација, популарно наречена, бидејки без документот за категоризација децата не можат да се запишат во посебнит еучилишта кои треба да ги посетуваат или да ги остваруваат другите права кои им следуваат во Република Македонија и сигурно, доколку не постои ваквите комисии, не функционираат, граѓаните се приморани да одат во градовите и да се изложуваат на дополнителни финансиски средства.

Значи, прашањето е зошто овој Правилник не се почитува иако во него децидно е наброено за кој вид на хендикеп, или попреченост, во кој медицински центар и во кој град треба да биде формирана ваква комисија и нормално, што ќе направи Министерството овој правилник да се почитува, бидејќи навистина неопходна е потребата од постоењето и функционирањето на овие стручни органи. Тоа е моето прво прашање.

Второто прашање ќе го упатам до Министерството за здравство, тука гледам дека е господинот заменик министер. Секојдневно до мене и до Медицинскиот центар во Прилеп пристигнуваат реакции од жителите на населените места кои што живеат во општините произлезени од општината Прилеп, односно

општина Долнени, Тополчани, Крвогаштани и Витолиште, бидејќи амбулантите кои што треба да функционираат во овие населени места не работат, од едноставна причина што Медицинскиот центар од Прилеп не располага со доволен број на лекари, тие амбуланти за да функционираат. Реакциите се од типот дека пред 30 или пред 50 години амбулантите работеле секојдневно, еднаш неделно ги посетувал доктор специјалист, со одредена специјалност. Исто и во овој случај граѓаните за и најмала лекарска интервенција се приморани да патуваат 30 до 40 километри до Медицинскиот центар или Здравствениот дом во Прилеп, што секако претставува оптоварување финансиско за нив, меѓутоа и во овој зимски период поради непристапноста на патиштата, тоа би било невозможно и би завршило можеби некогаш и со несакани последици.

Нормално, прашањето е како Министерството би го разрешило овој проблем, се со цел граѓаните да имаат навремена здравствена заштита во овие населени места кои што ги спомнав. Не станува збор за мал број на жители, туку ова е една поголема бројка на теренот и има населени места кои што имаа по повеќе илјади жители.

Моето трето прашање ќе го упатам до Министерството за финансии. Морам да истакнам дека ова прашање е произлезено од писменото обраќање на вработените во националната платежна картичка до нашата пратеничка група.

Имено, со Законот за измени и дополнувања на Законот за платен промет се резгулира статусот и функциите на националната платежна картичка, како еден од многуте значајни сегменти на расформираниот завод, односно платен систем во земјата.

Националната платежна картичка е формирана со одлука на Владата на Република Македонија во 2001 година како акционерско друштво со државен капитал, а вработените кои што работат во националната платежна картичка беас превземени од сегашниот Завод за платен промет. Знаеме дека обврска беше на овие вработени да им биде гарантирано работното место 5 години. Тогаш за генерален директор на националната платежна картичка беше поставен близок роднина на екс министерот Никола Груевски на чија што адреса и ден денеска пристигнуваат обвинувања за манипулации и несовесно трошење на парите со кои што располагала националната платежна картичка.

Во март 2002 година Владата на Република Македонија на ВМРО-ДПМНЕ донела одлука за преиватизација на националната платежна картичка преку јавен повик, нормално, цел на приватизицијата било државниот капитал, меѓутоа, со

препорака на овој државен капитал да се продаде на деловните банки од Република Македонија, меѓутоа, пропорационално според големината на деловната банка. Но, продажбата е извршена само на две банки во Република Македонија и тоа банки блиски на ВМРО-ДПМНЕ. Станува збор за Македонска банка и Балканска банка кои што имаат 34% од капиталот на националната платежна картичка.

Сето ова упатува на тоа дека не е совесно работено, дека некој манипулирал со државни пари и прашањето до Министерството за финансии е дали ќе следи ревизија на приватизацијата на националната платежна картичка.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, одиме по ред, Министерството за труд и социјална политика беше провзано.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика.

МАКСУД АЛИ:

Точно е, пратеникот со своите забелешки е во право. Се прават напори да се отстранат недостатоците. Најмалку таа категорија на луѓе заслужува непрофесионален однос. Факт е и тоа дека во оваа работа се вклучени повеќе министерства и очекуваме во наредниот период со една подобра професионална работа да се отстранат овие недостатоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, дали е задоволен пратеникот Гешовски?

БЛАГОЈА ГЕШОВСКИ:

Ни останува надежта дека навистина во најскоро време ќе бидат разрешени овие проблеми. Да се потсетиме дека 2003 година е прогласена за година на хендикепираните, а ние сеуште се занимаваме би рекол, со прашања кои треба да формира некој орган, дали треба некоја комисија да функционира, на кој начин треба да им се надомести на оние кои ќе бидат ангажирани во таа комисија, наместо обратно, да ги третираме проблемите на оние за кои е наменета оваа комисија да работи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. На второто прашање ќе одговори заменик министерот за здравство господинот Никола Пановски.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Господинот пратеник даде типичен пример на еден парадокс во нашето здравство да имаме скоро 1.000 невработени доктори, да имаме во поголем број здравствени организации преврабoтеност и докторите, бидејќи сум од Скопје да кажам во Клиничкиот центар имаме во некои клиники превработеност на лекарите, а имаме големи села во Прилепско и на други места, каде што не може да се даде основната здравствена заштита.

Проблем за акутно решавање на оваа ситуација е невозможно за вработување, тоа го знаете сите.

Второ, невозможно за префрлање на доктори од едно во друго место без нивна согласност. Таков е сегашниот закон. Доколку не се согласат, не можете да си префрлите да работат на село, доколку не се вработени во Медицинскиот центар во Прилеп. Ако се од друг Медицински центар, без нивна согласност не можат да се префрлат. Едно решение привремено, додека не се пуштат вработувањата, или додека, а на тоа Министерството ќе работи не се сменат законите да може докторот да се префрлува од едно на друго место, нормално да му се обезбедат патни трошоци или сместување без негова согласност и да се обезбеди да може да живее таму со фамилијата одредено време, а потоа да се врати да специјализира, тука би требало Медицинскиот центар да го реши и проблемот со договор за дело, или да побара Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување да стимулираат да се отворат приватни организации во тие села, ако навистина се работи за села во кои ќе биде интерес на лекарот да отвори таму приватна здравствена организација, односно според капитацијата која што се плаќа да има приход. Значи, на приватните или на невработените лекари кои имаат лиценца за работа би требало да им се понуди ваква работа, ако не ја прифатат, а државата да им помогне за ваква работа, да се избришат од списокот на невработени доктори. Мислам дека тоа се решенија што сега можам да ви ги кажам, а конкретно за овој проблем ќе направиме напор во Министерството со директорот на Медицинскиот центар да го решиме побрзо.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Гешовски е задоволен од одговорот.

Третото прашање му е поставено на заменик министерот за финансии, господинот Димко Кокаровски.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Пратеникот Гешовски со сета актуелност на прашањето и на проблемот кој што постои со националната платежна картичка го постави прашањето, а во елаборацијата ги кажа некои активности кои што се превземени во овој временски период.

Во принцип, сметам дека и порано сме се залагале преку Народна банка за намалување на готовите пари во оптек и за изнаоѓање на форми, а една од тие форми, како што и современиот свет работи е картичното работење. Добар проект замислен од поодамна, меѓутоа, во неговото имплементирање, да не употребам тежок збор, меѓутоа, изопачен, затоа што државата вложила околу 7 милиони евра во овој проект, квалитетна опрема, квалитетен простор, реновиран простор, 1.400 метри квадратни во комплексот на банки, убав дел и сето тоа како концепт во еден момент се изменува, така да од национална платежна картичка се преминува во акционерско друштво, односно сака државата да го продаде сето тоа. Меѓутоа, тие тансакции се направени, пакетот на акции го имаат две банки, државата има 20,1% од тој капитал, но после тоа следи уште една трансакција од Македонска банка, акциите се продадени на Балканска банка и така денес е сопственик на овој дел е Балканска банка.

Се поставува прашањето за вработените кои добија најава дека ќе бидат во добар дел отпуштени. Имавме една средба со раководниот тим на национална платежна картичка, после тоа се договоривме еден од менаџерите да дојде од главните сопственици, фактички од Софија, обавен е разговор со министерот Гошев, во еден дел се одложи прашањето, но во добар дел повторно нема решение, затоа што веќе тоа е сопственост на една приватна компанија, односно на акционерско друштво Балканска банка.

Во сета оваа активност можам да потврдам една работа, дека во Министерството за финансии немаме доволно документација, како е целиот овој процес завршен. Ќе беше убаво ако екс министерот и екс премиерот како пратеници ни помогнаа во оваа работа денеска ако беа тука некои работи да ги одгатнеме, затоа што навистина немаме доволно документација, бидејќи факт е за се она што произлезе како институција при трансформацијата на Заводот за платен промет и се

она што беше деловен простор, кои што зедоа одредени деловни банки и институции, презедоа дел од вработените со гаранција дека нема да ги отпуштат во наредните пет години. Тоа се договори меѓу Министерството за финансии и институциите кои ги преземаат вработените. Овде таков договор сеуште не можеме да најдеме. Значи, проблемот е малку поусложнет во овој момент со оглед на тоа дека трансакциите се извршени. Како е сето тоа дојдено направивме неколку обиди да дојдеме до учество на сите банки, тој може да биде процесинг или свичинг центар во функција на државата, во функција на намалување на готовите пари во оптек, во функција на намалување на инвазија на даноците, бидејќи и картично работење и постерминалите, кои што требаше да ги пратат фискалните каси, ќе имавме комплетна евиденција. Затоа реков проектот е изменет, изопачен е и сега доаѓаме до една позиција каде што луѓето треба да бидат отпуштени од работа.

Мислам дека во наредниот период ќе имаме дополнителни информации, истражуваме документација да дојдеме до потребните документи како е до сето тоа дојдено, во сите институции да има договори, само кај платежната картичка да нема договор, вработените да останат. Меѓутоа, многу е сложено прашањето и ќе видиме во натамошниот период ќе го информираме и пратеникот Гешовски, но и македонската јавност што се е сторено во овој дел од трансакциите со националната платежна картичка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, пратеникот Гешовски е задоволен од одговорот.

Одиме понатаму. Прашање поставува пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Пред се би сакал процедурално потпретседателке. Би сакал на следната седница да се разгледа можноста позицијата да не поставува пратенички прашања, или ако веќе поставува да не биде односот еден према еден, да биде два према еден за опозицијата, бидејќи никаде на Западот нема правило позицијата да поставува прашање. Ние бевме една пошироак делегација во Бундестагот во Германија и таму децидно ни кажаа дека позицијата иако има како кај нас деловничко право да постапува пратенички прашања, таму не се случило, барем во едно блиско минато да поставуваат пратенички прашања, со тоа што во ваков случај излегуваме малку несериозни пред граѓаните, да не речеме уште и да се нарачаат едни вакви прашања па министрите да дојдат со пет - шест отчукани текстови, бидејќи веќе го знаат прашањето.

Сметам дека би замолил, бидејќи ова е деловнички невозможно, доколку може, барем соодносот да биде два спрема еден за опозицијата, со тоа што многу пратеници од опозицијата, со оглед на тоа што не можат да стигнат на ред и не се тука на седницата.

Јас сега би ги поставил моите три прашања. Сите три прашања се однесуваат до Владата на Република Македонија.

Првото прашање би било до Владата на Република Македонија зошто во општината Гази Баба и општина Чаир се применува селективно исклучување на уличното осветлување, само на улиците кои што се во општинска надлежност и второ,

Зошто не се почитува Законот за локална самоуправа и Законот за комунални такси при наплата и распроедување на таксата за електричната енергија на градот Скопје.

Во образложението би напомнал дека општината Гази Баба и општината Чаир, како две општини од градот Скопје, во кои што има градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ, повеќе месеци уличното осветлување на тие локални, односно општинските улици осветлување нема, така што улиците се скоро во мрак.

Инаку, секој граѓанин во својата сметка за електрична енергија по шифра 31 уплаќа 48,оо денари на Електростопанство, подрачна единица Електро-Скопје. Тие пари Електро-Скопје ги дава во трезорот на Република Македонија, од трезорот доаѓаат во општините во одреден процент. Тој процент е 8% на општина Гази Баба и 6,8% на општина Чаир. Потоа општината зависно од трошоците тие пари ги враќа или ги уплаќа на Електростопанство, на Македонија или на подрачната единица.

Прво, процентот нема законски регулирано како е одреден овој процент. Мислам нема документ, ставен е тој процент и сеуште функционира. Тоа беше од аспект зошто не се почитува Законот за комунални такси и Законот за локална самоуправа.

Инаку, Електростопанство на Македонија подрачна единица - Скопје и скопските градоначалници имаат одржано средба на која што е договорено да не се исклучува струјата, а понатаму Електро - Скопје и општините да ги испеглаат своите меѓусебни односи, при што сите пари, што ќе пристигнат на сметката на Електро-Скопје тоа да ги уплати во трезорот од трезорот на општините и целокупната сума до денар повторно да се врати во Електро-Скопје, се со цел ниту еден денар да не остане во општината, додека не се расчистат меѓусебните односи. Меѓутоа, што се

случува? Електро-Скопје непочитувајќи го овој договор почнува со исклучување пред неколку месеци, така да само во овие две скопски општини, значи само каде што градоначалниците се од ВМРО-ДПМНЕ, така што овие неколку месеци овие општини се наоѓаат во тотален мрак, така што тие своето право сега го остваруваат на суд.

Би сакал да напоменам дека општините не се некоја ГЕ - ГЕ фирма, туку сепак тоа се државни институции во кои што нема можност Електростопанство на Македонија да не ги доплати парит, бидејќи нема да се распаднат или да не постојат или да одат во стечај. Значи, се работи само за временската компонента.

Во сето ова препукавање подебелиот крај го носат граѓаните во овие две општини бидејќи градоначалниците се од ВМРО-ДПМНЕ. Јас се прашувам кој ќе им ја надополни штетата од кражби, физичко малтретирање, психичко поради мракови и состојбата во која што се наоѓаат овие две општини. Сите населби во општина Гази Баба и во општина Чаир повеќе месеци се во тотален мрак. Во последно време се вклучуваат, меѓутоа и тоа не е регулирано, така да би сакал да реагира Владата, бидејќи овие општини се со мешан етнички состав. Овие општини граничат со крисните региони. Во овие општини има развиен криминал, развиен урбан тероризам, значи поголем процент отколку во другите делови на градот. Исто така, разнишана е и чувствителна многу безбедносната состојба во овие општини.

Затоа, би сакал да апелилрам да се сугерира на електростопанство да ги осветли улиците во овие две општини, а судската постапка нека си ја тераат овие два субјекти, се со цел градот граѓаните на овие две општини да не бидат тие кои што ќе испаштаат. Тоа е првото прашање.

Второто прашање исто така е до Владата на Република Македонија, а се работи за раселените лица.

За време на војната од 2001 година остана голем број на раселени лица во тетовско, скопско и кумановско. Ја прашувам Владата кога Владата планира да ја подобри т.е. нормализира безбедносната состојба во кризните региони, како еден од клучните елементи за враќање на раселените лица во своите домови. Ние знаеме дека сеуште таа безбедносна состојба не е нормална за да би можеле раселените лица од овие кризни региони да се вратат.

Второ потпрашање во врска со раселените е кога Владата планира да им ги подобри условите за живеење на раселените лица кои што сеуште се останати по домовите во кои што се сместени од 2001 година досега.

Значи, еве веќе ова ќе биде трета зима како се наоѓаат во катастрофални лоши услови, каде што се сместени во домовите, каде се случува во едно семејство да има три генерации и да живеат во соби од околу 10м2. Инаку, Владата би требало јавно да каже дали планира да го реши случајот, или не планира, бидејќи овие луѓе самоиницијативно веќе почнуваат да си го решаваат проблемот и мислам дека тоа ќе биде најлошото решение доколку стихијно се решава овој проблем.

Затоа апелирам Владата да најде најитно решение, да разговара со раселените лица, да ги убеди кога може во некој реален рок да им понуди или подобри услови на живеење додека не се создадат нормални услови за враќање во нивните домови, или пак времено да ги смести во некои други живеалишта.

И третото прашање се однесува до Владата на РМ.

Според институтут Евро-Балкан и информациите кои беа презентирани на А1 телевизија, Македонија се наоѓа на последно место во Европа по сумата на странски инвестиции т.е. во првата половина на 2003 година се инвестирани само 16 милиони долари, додека во сите соседни земји странските инвестиции почнуваат од 500 милиони долари па нагоре. Значи, 30 пати повеќе од нас. Прашањето е:

Дали Владата чувствува одговорност за ова и дали воопшто има план, барем идеја за решавање на оваа катастрофално економска положба, бидејќи сите знаеме дека странките инвестиици се еден од главните адути и на оваа Влада и на претходната, и на сите останати Влади за решавање на нашата многу лоша економска состојба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пред да одговориме на прашањата имаше процедурална забелешка за начинот на поставување прашања од позиција и опозиција. Како што и самиот г-дин Трајановски кажа според Деловникот не се прави разлика на пратениците на кого припаѓаат, така што според Деловникот не постои основа за некаков друг распоред. Меѓутоа, доколку сметате дека треба да се менува тој дел од Деловникот останува да сугерирате, бидејќи и така и така се сумираат повеќе забелешки на одредени делови на деловникот, па би можело и тоа да се разгледа.

А сега, да преминеме на одговорите на прашањата. Тие беа до Владата, меѓутоа, сепак се специфични прашања.

Прво, за осветлувањето на општините Чаир и Гази Баба, кој ќе одговори.

Има збор г-динот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Владата не спроведува селективно исклучување на електричната енергија на општините Чаир и Гази Баба, заради тоа што градоначалници се членови на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа најодговорно го тврдам од име на Владата, затоа што Владата и при распределбата на средствата на општините може да се види дека има изградено критериуми каде што еден од критериумите не е партиската припадност.

И самиот пратеник потврди дека има нерегулирани должничко доверителни односи и затоа се води судска постапка. Значи, Владата не може да арбитрира кој е во право, затоа што како инфорамција го има првично е дека општините Чаир и Гази Баба имаат милионски суми во денари кои ги долгуваат на Електростопанство на Македонија. Но, за да не даваме паушални оценки Владата со писмена информација ќе понуди, а апелот што го упати пратеникот Коце Трајановски, до завршувањето на спорот да го искористи својот авторитет Владата и да нареди на електростопанство да излезе во пресрет на барањето на граѓаните ќе биде разгледано.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би бил благодарен ако се заложи Владата да се реши овој проблрем, меѓутоа, би сакал да дополнам да дообјаснам дека не должат на ЕСМ само овие две општини во градот Скопје, туку има и други општини кои должат на ЕСМ, но тие не се исклучени.

Што се однесува до тужбите тужат овие две општини. Ја тужат ЕСМ. Значи, не ги тужи ЕСМ општините туку општините го тужат електростопанство на Македонија бидејќи тие сметаат дека според нивните пресметки ориентационо на општините на секоја пооделно Електростопанство им должи околу 30 милиони денари, додека Електростопанство смета дека општините на неа и должат, едната 8 милиони денари другата 7,2 милиони денари. Во секој случај, долгот на Електростопанство према општините според нив е поголем, меѓутоа јас не би сакал да арбитрираме, нека го реши тоа судот, а ќе замолам Владата да интервенира за да граѓаните не го почувствуваат ова недоразбирање меѓу две државни институции.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На второто прашање, за раселените лица ќе одговори министерот Владо Поповски.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Се работи за навистина сложено и суптилно прашање, претпоставувам дека и г-динот пратеник ја познава состојбата, при доаѓањето на оваа Владата на Република Македонија имаше 9119 внатрешно раселени лица. Состојбата на општо задоволство на сите нас се подобрува континуирано и во овој момент во нашата држава има внатрешно раселени лица малку повеќе од 2600, од кои 1165 се сместени во 16 колективни центри, 12 во Скопје и 4 во Куманово.

Состојбата со внатрешно раселените лица Владата ја следи континуирано, редовно. Во таа смисла се задолжени повеќе министерства на Владата на РМ, од кои се разбира најголем дел од активностите се спроведуваат преку Министерството за труд и социјална политика и преку министерството за внатрешни работи. Постои посебно Координативно тело кое ја следи состојбата со внатрешно раселените лица. Координативното тело е составено од неколку надлежни министерства кои што редовно ја следат состојбата со внатрешно раселените лица.

Координативното тело при овие министерства редовно остваруваат контакти со претставниците на нивните здруженија. Тој контакт, можам слободно да кажам, дека е неделен, дневен, итн., значи постои редовно комуникација. Ние редовно ги разгледуваме сите тие прашања присутни, дел и за ова што г-динот пратеник зборуваше. Се разбира дел се трудиме да разрешиме во од, дел во зависност од просторните услови, како што беше кажано овде за обезбедување на просторни услови.

Во овој момент ние немаме друга алтернатива. Во колективните центри секое мало ослободување го користиме за да ја подобриме таа состојба. Во истовреме работиме на другиот план, да се обезбедат максимални услови внатрешно раселените лица да се вратат во своите домови.

Активностите во овој момент се одвиваат според планот. Во овој момент можам да изјавам дека до крајот на годинава освен во две места се очекува да бидат завршени сите куќи кои претставуваат основни места за живеење, значи единствени куќи на внатрешно раселените лица.

Во овој момент имаме две отворени прашања. Едното е во Арачиново, каде што сеуште немаме обезбедено потпишување на околу 30-тина трипартитни договори. Второто е во Матејче, каде што сеуште 117 трипартитни договри, сеуште не се потпиашани. Ние со тие луѓе редовно разговараме и се надеваме дека потпишувањето на предвидените договори ќе го обезбедиме.

Во однос на прашањето на безбедносната состојба, доколку оцените за потребно и министерот за внатрешни работи може да се вклучи во одговор на ова

прашање. Во таа смисла Владата на РМ со Министерството за внатрешни работи во динамичниот план за оваа година има предвидено заради подобрување на безбедносните услови во поранешните кризни региони и заради подобри услови за извршувње на работните зафдачи на полицајците како приоритет, изградба на три полициски станици. Полициска станица во Матејче, ПС во Арачиново, и ПС во Теарце.

За првата полициска станица во Матејче обезбеден е проект, обезбедена е дозвола за градба, обезбедено е и местото каде што треба да се гради, локацијата. Деновиве ги привршуваме интензивните разговори во смисла на затворањето на целосната финансиска конструкција и се надевам дека во многу скоро време ќе започне изградбата на ПС во Матејче.

Што се однесува до Арачиново и Теарце имотно правните односи веќе се завршени. Во Арачиново Владата на РМ на едно од последните седници донесе и конкретна одлука за откупување на земјиште каде што ќе биде лоцирана ПС. Проектите за ПС постојат и овие денови ги водиме интензивните разговори во смисла на обезбедување на финансиски средства. Се надевам дека по завршувањето на тој процес и полициските станици во Теарце и Арачиново ќе бидат насочени кон нивната конкретна изградба.

Значи, состојбата со внатрешно раселените лица  редовно се следи во Владата на Република Македонија, редовно се преземаат соодветни мерки за нивно подобрување.

Во оваа смисла сакам посебно овде да нагласам дека денеска односно утре Владата почнува да реализира уште еден проект. Тоа е парична помош за оние семејства кои што во своите домови сместиле внатрешно раселени лица. Заради немање на финансиски средства таа помош беше прекината и од овој месец ќе почне. Таа ќе трае заклучно со зимскиот период. Секое семејство кое што сместило внатрешно раселено лице ќе добива во противвредност на 75 евра односно 4600 денари. Семејствата деновиве ќе ги добијат овие средства.

Исто така, деновиве Владата на РМ донесе посебна одлука, посебен заклучок со кој сите средношколци кои имаат третман на внатрешно раселени лица да ги ослободи од плаќањето на партиципација. Во соработка со УНИЦЕФ беа обезбедени учебници за учениците кои престојуваат во колективните центри, а се во основно училиште.

Значи состојбата се сведи, максимално работиме да ги подобруваме континуирано тие услови се до конечното враќање на внатрешно раселените лица. Контактите со нив се многу динамични.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трајановски дали сте задоволен од одговорот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам за исцрпниот одговор.

Ја поздравувам одлуката на Владата што повторно ја врати во сила одлуката за оние кои што згрижиле внатрешно раселени лица во своите домови да добијат паричен надоместок. Иако со закаснување сепак оваа исправка на Владата јас ја поздравувам. Меѓутоа, пак би напоменал и покрај ПС сепак продолжуваат палењата на куќите на македонците и нивно ограбување. Значи, не е тоа единствениот услов. Безбедносната состојба сеуште во овие места од каде што се раселените лица не е подобрена, ниту има некои поголеми знаци на подобрување. Затоа, би требало Владата под итно  да го стави ова на дневен ред и да го реши, барем нормалното сместување на фамилиите на раселените лица. Инаку, на нив и учебници да купуваме и автобуски карти да им плаќаме, сепак тие живеат во 10 квадрати три генерации на една фамилија. Сметам дека ова е последен момент кога треба да се помогне на раселените лица, се додека не се создадат услови за безбедносно враќање во нивните домови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање, за странските инвестиции беше упатено до владата, а ќе одговори г-динот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Ќе подготвиме писмена информација за се конкретно презема Владата за да се зголеми приливот на странските инвестиции.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Останати се уште четворица пратеници пријавени за пратенички прашања. Тоа се г-дата Иван Атанасовски, Ружди Матоши, Есад Рахиќ и Ѓорѓе Паљошкоски. Јас би предложила да им дозволиме на колегите да постават по уште едно прашање,  иако времето за кое што се договоривме истекува, сега е 16,00 часот. Значи, да им дозволиме да постават по едно прашање и на тој начин би биле задоволни.

Дали се согласувате барем да ги поставите прашањата? (Се согласуваат)

Се согласувате ли сите да можат да ги поставаат прашањата? (Се согласуваат)

Има збор г-динот Иван Атанасовски.

ИВАН АТАНАСОВСКИ:

Јас ќе поставам само две прашања за да има простор и за другите колеги, а во писмена форма ќе барам одговор од Владата.

Првото прашање е преку Владата до Јавното претпријатие за спортски објекти.

Тоа е во врска со спортско рекреативниот центар Стрелиште кое се наоѓа во населбата Средорек во Куманово, каде што претежно живеат граѓани од ромска етничка заедница и тоа точно 2957 роми, кои се жители на таа населба. Спортско-рекреативниот центар Стрелиште беше доделен на концесионирање од претходниот директор на тоа претпријатие на одредени лица од Куманово, а имам информација дека после 15-ти септември концесионерите го имаат напуштено тој објект. Најверојатно терминот концесионирање си го сватиле како уништување и со одење од тој објект ги имаат извадено прозорците вратите. Добро е што барем малтерот на зградата е оставен.

Барам, во писмена форма детална анализа на состојбите во спортско рекреативниот центар Стрелиште и дали е во можност, она што е барањето на жителите од населбата Средорек и здружението на жени ХАМ овој објект да припадне на концесионирање, односно каква би била процедурата да припадне на концесионирање на ова здружение и жителите од населбата Средорек. Значи, која би била процедурата. Тоа е воедно и молбата на жителите на таа месна заедница, бидејќи сакаат да го преуредат во спортско културен и едукативен центар за младите ромчиња од таа населба.

И второто прашање е преку Владата до Министерството за правда.

Вчера стигна еден допис од вработени во АД “Киро Фетак” од Куманово до мене. Тоа е со 21 потпис, со лични карти, со сите гнерали, барање за смена на стечајниот управник. Значи, прашуваат која е процедурата за смената на постојниот стечаен управник, г-динот Зоран Денковски,  од АД “Киро Фетак”. Денеска прочитав во весник дека се рестартира ЧИК од Куманово, што е за поздравување, така да продолжиме и со овие други капацитети во Куманово да се рестартираат. Тоа е барањето на вработените од АД Киро Фетак Значи која би била процедурата за промена. Тие имаат наведено одредени критериуми кои наводно идат против г-динот кој го напоменав.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ќе биде доставено до претставник на Министерството за правда, а за првото прашање ќе треба во Владата а се лоцира одговорен кој што ќе може да одговори.

Колеги да ве потсетам кога се поставува прашање до носител на функција на јавно претпријатие или слично, би требало да се најави до Собранието еден ден претходно, меѓутоа, нека биде ова како поука, за друг пат ќе знаеме.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас би сакал да поставам три прашања. На првото прашање нека ми се одговори писмено, а е упатено до Министерството за образование.

Во текот на оваа година се чувствува една сиромаштија во инвестиции и во обновата и изградбата на училиштата. Во овој контекст сакам да поставам едно прашање во врска со некои работи во училиштата кои треба да продолжат. Барам одговор во врска со селото Боговје, каде училиштето е во изградба. Изградбата е спречена во текот на оваа година. Исто така во Основното училиште во село Јажинце во околината на Тетово се спречени работите, како и во Средното медицинско училиште во Тетово. И таму не се работи, не се гради.

Исто така, со инаугурацијата на новата Влада беше ставен камен темелник во училиштето “Зеф Љуш Марку”, но ништо не е направено и не се работи. Тоа е првото прашање, на кое барам одговор во писмена форма.

Второто прашање го упатувам до Министерството за надворешни работи. Имено, дали има намера госпоѓата министерка Илинка Митрева по посетата во Брисел, што е една многу значајна посета за Република Македонија, да ги информира пратениците во врска со оваа посета. Јас мислам дека граѓаните на Република Македонија треба да ги слушнат од првиот човек ставовите во врска со барањето на Репулика Македонија во Брисел, за зачленување во Европската Унија. На ова прашање сакам да ми се одговори денес овде.

И третото прашање е упатено до Министерството за надворешни работи.

Во Министерството за надворешни работи се вработени 284 вработени од кои 22 се албанци или 7,7%.

Барам одговор од Министерството за надворешни работи зошто овие 22 албанци не се опфатени со систематизацијата, немаат одредени работни места, немаат канцеларии, туку се шетаат по ходниците на ова Министерство. Колку за информација, да кажам дека во исто време кога се вработени 17 албанци од овие 22 лица кои ги спомнав, вработени се и некои други, македонци. Прашањето на

македонците е регулирано, систематизирани се и имаат канцеларии, додека прашањето за тие 17 албанци не е регулирано, не се систематизирани во самото Министерство.

Исто така, зошто ова Министерство не отвора претставништво во Приштина, затоа што Косово е сосед на Македонија и постои голем број на проблеми, а тоа ќе служи за решавање на овие проблеми. На ова прашање да ми се одговори во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред да поставува прашање е господинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Јас ќе се држам до фер-плејот како колегата Ружди Матоши и ќе поставам три кратки прашања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Момент господине Рахиќ, господинот Матоши побара збор.

РУЖДИ МАТОШИ:

На второто прашање сакав да ми се одговори денес, значи побарав усмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се договоривме пред ова, затоа ве прашав сите како да направиме. Јас предложив да ви се одговори на по едно прашање, меѓутоа, повеќето предложивте да ги поставите прашањата а да ви се одговори писмено и тоа се усвои, така што сега не би можело да ви се одговори.

Има збор господинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Имам три кратки прашања, од кои првото е до претставникот на Владата кој замина или до министерот за економија. Имено, доколку можат да одговорат писмено, бидејќи вчера на Телевизија Сител се начна едно болно прашање за состојбата во “Лозар”. Сакам да ми се одговори во писмена форма до каде е разрешувањето на овој проблем, за кој од една страна има заинтересирани странки кои имаат откупено дел од општествениот капитал и вториот, страната која сега го има во владение и тврди дека таа трансформација е направена на нелегален начин.

Второто и третото прашање исто така се кратки и се упатени до господинот Милаим Ајдини. Се надевам дека ќе добијам писмен одговор. Особено првото прашање е интересно, затоа што вчера на А-1 Телевизија беше споменато дека од

можни 1 милијарда и 300 милиони што би можеле по некои пресметки да дојдат од дијаспората доаѓаат само 100 милиони евра во Македонија по разни основи. Се работи за следното:

Друштвото во мешовита сопственост ЗАП од Скопје побарало концесија на земјиште за изградба на спортски терени и игралиште за голф. Вредноста на инвестицијата е милион долари и вработување од 12 до 15 луѓе. Зошто од 18.12.2002 година до сега нема никаков одговор.

Второто прашање до господинот Милаим Ајдини е едно размислување. Прво, ја поддржувам акцијата на урбаната полиција и Министерството во делот на расчистување на урбаниот хаос во државата, меѓутоа, дали се размислува условно речено, бидејќи се живо амнестиравме за една амнестија на одреден дел на типски, условно речено, диоградби и подведување под една стандардизирана законска регулатива, каде што тие граѓани или фирми би платиле одредени давачки односно комуналии. Со тоа сметам дека во државата би се слеале голем број на средства. Таков пример имаме во Србија, каде што се очекува со таков сличен закон неколку десетици милиони односно стотици милиони евра да се слеат во државната каса.

Би сакал на овие две прашања, како и на претходното да ми бидат поскоро одговорени во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И последниот пратеник кој поставува прашање е господинот Ѓорге Паљошкоски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОСКИ:

Моето прво прашање е до министерот Хари Костов. Ќе дадам кратко образложение за што станува збор.

Во подрачното министерство за внатрешни работи - Струмица имаше случаи на лица кои се на привремена работа во странство, старата лична карта, неважечка, изгубена или оштетена, да не им биде заменета со нова, затоа што наводно тие го загубиле правото да ја поседуваат, а истата им била потребна на луѓето да подигнат пари од банка, полагање на возачки испит, склопување на брак и друго. Во овие случаи луѓето се тераат присилно да ја замразуваат односно да не ја сакаат сопствената држава и кога се во странство никогаш да не помислат да се вратат во неа.

Моето прашање е:

Зошто и која е причината на лицата кои се привремено во странство да им се ускрти правото за поседување на лични документи, издадени од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Со тој закон, односно во кој број на “Службен весник на Република Македонија” е регулирана таа забрана и дали истата забрана се спроведува во сите подрачни министерства за внатрешни работи на Република Македонија.

Моето второ прашање е упатено до министерот за локална самоуправа, со три потпрашања.

Прво, под кои критериуми ќе се прави новата територијална поделба.

Второ потпрашање: Колку единици на локалната самоуправа посетил министерот за локална самоуправа во изминатата година, за да ги согледа потенцијалите и можностите на општините.

Третото потпрашање е: Дали новиот заон за територијална поделба ќе оди на јавна расправа во единиците на локалната самоуправа и дали ќе се одржи референдум во истите.

Моето трето прашање е упатено до Владата на Република Македонија. Имено, Европската комисија во нејзините директиви и препораки ги пропишува условите кои Република Македонија треба да ги исполни за да дојде до укинување на визниот режим со државите членки на Европската Унија.

Прашањето гласи:

До каде се активностите кои ги презема Владата на Република Македонија за исполнување на условите и дали Владата воопшто работи во таа насока.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Со тоа ги исцрпивме прашањата.

Пред да ја затворам седницата, почитувани колеги, дозволете ми само да ве потсетам за утрешниот ден и распоредот што треба да го имаме. Започнуваме во 10,00 часот, а седницата ќе заврши во 14,45 часот, со оглед на тоа што сите ние имаме покана од Координативното тело за доброволно предавање на оружјето да учествуваме во маршот против оружјето и мислам дека би било најсоодветно ние како пратеници кои што го изгласавме законот за добороволно предавање на нелегалното оружје да го поддржиме овој последен дел од кампањата на Координативното тело. Значи, би завршиле во 14,45 часот, но молам да имаме разбирање дека паузата би била скратена од 13,00 до 13,30 часот. Се надевам дека ефикасно ќе работиме, затоа што во овие услови навистина нема премногу време.

Со тоа ја завршуваме седницата.

(Седницата заврши во 16,15 часот).